ИМПРЕСУМ

Издавач:
Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија

За издавачот:
Душица Перишиќ, Извршен директор на ЗЕЛС

Наслов:
Каталог на културни манифестации на ЕЛС

Подготвил:
Ивана Серафимова

Лектура и коректура:
Анета Василевска Љубецкиј

Превод на албански јазик:
Исмаил Крифца

Превод на англиски јазик:
Весна Андоновска

Тираж: 1.500
Печат и дизајн: Бригада дизајн

ВОВЕД

Културата и традицијата се богатството на народите, а нивната промоција е најмоќното средство за комуникација што магнетски ги привлекува луѓето да ги видат, слушнат и доживеат вибрациите на овие безвременски категории без разлика на припадност, земја и континент.

Календарската година во Македонија е синониом на харизматски подиум за изведба на вековните и автентични обичаи, време за простирање на струната на кумановската тамбура, за екот на галичките зурли и тапани, на долненските гајда, кавал и шупелка, зачинети со највкусната реканска пита, малешевски компир, кавадаречко вино, гевгелиски праз, кочански ориз...

Единствените долненските пеливански борби, уникатната галичка носија - изработена со филигранска прецизност и точност на терзиите, неуморното пулсирање на европскиот имиџ на македонската метропола, хуморот, смеата и шегата од север до југ и од исток до запад, уметничката креативност и талент, печалбарската песна, љубовта опеана низ вековите, модерните поп, рок, џез, хип хоп музички стилови, филмските и драмски достигнувања, современите егизибиции се малиот дел од мозаикот. Едноставно, секоја општина во Република Македонија непрестајно културно дише величајќи ја својата посебност и богатство, несебично делејќи ги со светот.

Токму затоа, ЗЕЛС ја прифати идејата за печатење на публикација како Каталог од културни настани и манифестации на општините, а со цел да се забележи, промовира и да се привлече интересот на јавноста во земјата и надвор од неа за нашето вековно, историско, традиционално и народно наследство.

Народните изреки бележат, а нам ни преостанува да ги следиме „каде и да си за Петровден дома да си", или ако за Петровден одите во Галичник и во Река, за Илинден во Крушево, тогаш каде и да сте за втор ден Велигден повелете во Македонски Брод на „велигденски кули".

ЗЕЛС

Василица - Прославата на големиот православен празник **Свети Василиј**, или меѓу народот познат како Стара нова година, традиционално, секоја година ја обележуваат жителите на населбата Мичурин со богата музичка програма, кршење на традиционалната погача со **златна паричка** и избор на нов кум на средбата. По предавањето на кумството „стариот" кум со факел го пали **василичарскиот оган**.

За време на манифестацијата, присутните се послужуваат со топол чај, сокови, греана ракија и со сендвичи, а децата со овошје и со слатки.

МИЧУРИНСКА СРЕДБА

(ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „МИЧУРИНСКА СРЕДБА")

13 ЈАНУАРИ

Триесетина комити од Горно Лисиче на 27 јули 2008 година, добивајќи благослов од еден од владиците на Македонската православна црква во црквата „Св. Петар и Павле" во Горно Лисиче, тргнуваат кон славниот **Мечкин Камен** во Крушево. Пред заминувањето се одржува програма во која повеќе од 30 години традиционално учествуваат стотина играорци од КУД „Никола Ј. Вапцаров", како и познати македонски естрадни уметници. На крај од свеченоста, коњаниците се испраќаат со зурли и со тапани. По пристигнувањето во Крушево, коњаниците се приклучуваат кон манифестацијата **„Десет дена Крушевска Република"**. На 2 август, Илинденскиот марш завршува со **коњаничко дефиле** до Мечкин Камен.

КОЊИЧКИ МАРШ
(ЗДРУЖЕНИЕ „ИЛИНДЕНСКИ МАРШ 1978 ГОДИНА")

ПОЧЕТОК НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА НА 27 ЈУЛИ, ЗАВРШУВАЊЕ НА 2 АВГУСТ

Општина Берово воведе нова манифестација „ Ден на малешевскиот компир", која ќе се одржува секоја година. Настанот е посветен на вкусниот и еколошки чист компир од овој крај, гордост на секој Малешевец. „Денот на малешевскиот компир" е 11 октомври. Малешевијата е позната по производство на **највисококвалитетен и еколошки компир**, кој има посебен вкус. Настанот ќе овозможи присуство на голем број гости и туристи каде што покрај различни видови **специјалитети од компир**, присутните ќе имаат можност да проследат натпревар во следниве категории:

1. најголем плод на компир,
2. најубаво дизајнирана амбалажа за компир и
3. најдобар рецепт за подготовка на компир.

ДЕН НА МАЛЕШЕВСКИОТ КОМПИР

11ТИ ОКТОМВРИ

Саемот „Малешевијата на дланка", покрај саем на традиционални производи е и **саем на туризам**. Саемот е поделен во три потсектори: ракотворби, резби и здрава храна. Изложбата на тезгињата, покрај продажен карактер, има за цел и промоција на производи. Најдоброукрасениот штанд во секоја од поткатегориите општината го наградува со парични средства. Покрај изложбата на штандовите, организирани е и **културно-уметничка програма** во која учествуваат домашни и странски гости.

Саемот се отвора на 27 август, кога се спроведуваат изложбите, програмите, говорите. Вториот ден, 28 август, саемот се затвора порано, околу 14 часот, и се повикуваат сите учесници, дома- ќ ини и гости да учествуваат на големиот **традиционален црковно-народен собир** по повод верскиот празник Голема Богородица, во дворот на манастирот „Пресвета Богородица - Балаклија" каде што се служи ручек (наречен курбан) за повеќе иљадници верници.

За Берово, оваа манифестација е импулс во поддршката на развојните процеси, преку промоција на традиционалните производи и на поширокиот регион, а воедно прераснува и во **туристичка атракција на градот**.

Саемот „Малешевијата на дланка" овозможува поддршка на мали семејни бизниси, зачувување на традицијата и развој на туризмот, кои водат кон реализација на стратешката цел за економски развој на општината. Оригиналноста на настанот придонесе да ги надмине регионалните и националните рамки, а саемот да добие меѓународен карактер.

МАЛЕШЕВИЈАТА НА ДЛАНКА

(САЕМ НА ЛОКАЛНИ ПРОИЗВОДИ И НА ТУРИЗАМ)

27 - 28 АВГУСТ

На 20 јануари се слави верскиот празник Свети Јован, кој го слават верниците од православна вероисповед. Традиционално, оваа манифестација секоја година се одржува во селото Ратево, соседно на градот Берово, со околу 700 жители, а во кое жителите се маскираат со **животински кожи**, понекогаш со маски, но најчесто со лица **оцрнети со јаглен**. Задолжителен декор на маските се ѕвончиња, закачени на нив, кои се во функција да ги истераат лошите духови. Од 2008 година, „Бамбурци" прерасна во манифестација организирана од страна на Општина Берово, дополнета со натпревар и со награда за **„најубавата" маска-костум**. На местото на маскенбалот се служи топла ракија, стоплена во традиционални котли.

БАМБУРЦИ

20 ЈАНУАРИ

Општина Берово на првиот ден од православниот празник Велигден го избира **најцврстото јајце** (качор, во две категории - обични и европски јајца) и **најубаводекорираното јајце**. Долговековна традиција на малешевскиот крај е изборот на **најцврсто јајце** преку посебно допирање на јајцето со предните заби, со што се создава потенок или подлабок звук за проверка на „цврстината на јајцето".

ТРАДИЦИОНАЛНА ВЕЛИГДЕНСКА МАНИФЕСТАЦИЈА

ПРВ ДЕН ВЕЛИГДЕН

Димензијата низ која „Малиот битолски Монмартр" се проектира во општеството, по што е и нашироко познат, е градењето и одржувањето на почитта кон **уметничкото наследство**, со едновремен уметнички израз на децата од различни култури и традиции. Сплотени на тој начин и на едно место, различните култури го развиваат духот на мултикултурата и на толеранцијата.

Повеќе од осум илјади основни училишта и предучилишни установи со повеќе од **петстотини илјади детски цртежи** од повеќе од четириесет и пет земји во светот, досега, дале свој придонес кон идејата сите **различни, но сепак еднакви**.

„Меѓународната детска ликовна колонија", позната под името „Малиот битолски Монмартр", е најголемиот успех на детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј" - Битола. Студиото е формирано на 6ти октомври 1981 година со цел да ги прифати и доизгради младите ликовни таленти. Членовите на студиото се избираат на конкурс што се спроведува на почетокот од секоја учебна година.

МАЛ БИТОЛСКИ МОНМАРТР

„Битфест" е фестивал познат меѓу голем број **реномирани уметници** од Република Македонија и светот. Музичко-сценската манифестација има мултимедијален карактер составен од театарски изведби, балет, опера, концерти на класична музика, ликовни изложби, перформанси, рок, поп и џез-концерти. Според квалитетот и значењето, „Битфест" го достигна нивото на **сродните летни настани** Скопско лето и Охридско лето...

„БИТФЕСТ"
(БИТОЛСКО КУЛТУРНО ЛЕТО)

23 ЈУНИ — 23 АВГУСТ

Десет години по првата проекција во „Гранд кафе" во Париз, браќата Јанаки и Милтон Манаки со својата легендарна камера 300 купена во Лондон, модел „биоскоп" (со сериски број 300) од компанијата Урбан во 1905 година први ги снимиле првите подвижни слики на Балканот. Овој потег на браќата Манаки, всушност, го постави **камен-темелникот на македонската филмска историја**.

Фотографскиот и филмски опус на браќата Манаки е многуброен и на светски ранг. Филмскиот се споредува со делата на браќата Лимиер и на рамните на нив во светот. Документаристичкиот филмски материјал што браќата-визионери го оставиле од тогашната филмска индустрија има трајна и непроценлива вредност. Нивните дела, класицистите на македонскиот и балкански филм автоматски ги поставува на врвот од светскиот **пионерски** корифејски филмски документаризам.

Фестивалот го создадоа група филмски ентузијасти, кои во 1979 година првпат го поставија во чест на делото на браќата Манаки.

Манифестацијата се одржува во септември, секоја година, во **битолскиот Центар на културата**.

И, како што велат, ако XX век е век на светскиот филм, тогаш за македонскиот и за некои други во светот XX век е век на филмското создавање и растеж...

ФИЛМСКА КАМЕРА „БРАКА МАНАКИ"
(МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ)

СЕПТЕМВРИ

АКТО

(Фестивал на современи уметности)

август

Почетоците на АКТО се бележат во 2006 година. Фестивалот на **современи уметности** е поставен на четири оддели: визуелни уметности, изведувачки уметности, музика и теорија на културата.

ИНТЕРФЕСТ

(Интернационален фестивал на класична музика)

2 - 12 октомври

Во изминатите години на овој значаен фестивал настапиле врвни уметници и ансамбли од Македонија, Европа, Северна и Јужна Америка, Азија и од Австралија. Одржани се концерти, ликовни изложби и **сценски претстави** со антологиска вредност.

КАМЕРА 300

1 - 4 ноември

Интернационален фестивал на аматерски (непрофесионален) **документарен филм**.

ДРУГИ НАСТАНИ

Anything is Possible

Богански средби се културна манифестација во која учествуваат **еминентни уметници** од Република Македонија од сите области: драма, опера, фолклор, поезија. И многу аматери го наоѓаат своето место на Богданските средби.
Од година в година општина Богданци прави напори да ја збогати програмата со нови содржини и да го зголеми квалитетот на настапите со што средбите би станеле **културен белег** за ова подрачје.
Богданските средби се одржуваат секоја година **од 1999**.

БОГДАНСКИ СРЕДБИ

22 ЈУЛИ - 20 АВГУСТ

Масовна манифестација, претежно наменета за младите од училишна возраст, каде што доаѓа до израз нивната инвентивност и детска креативност во **изработка на маски** и во самото маскирање. Од 2005 година на маскарадата учествуваат **повеќе од илјада учесници**. Дел од богданските маски се котираат меѓу најдобрите и на Струмичкиот карневал.

МАСКАРАДА

1 АПРИЛ

ПРВОМАЈСКИ ТРКИ ВО СТОЈАКОВО

Традиционалните Првомајски трки во Стојаково датираат од времето по Втората светска војна. Со исклучоци поради лошите временски услови, трките се одржуваат до денес - **повеќе од педесет и осум години**. Интересот е голем, учесниците се од Бодганци и од околните села, но можат да се приклучат заинтересирани и од други краишта. Секоја година традицијата почнува со **трка на коњи, па следуваат магаријата и трките во вреќи**.

Оштина Чаир е мултиетничка општина на која живеаат и работат **пет националности**. Заедно со Град Скопје, веќе три години ја одржува манифестацијата Гласот на Чаршијата на која се презентират вредностите и се претставуваат културните друштва од Општина Чаир и од Град Скопје. Манифестација, **две недели**, е обележана со соодветни културни настани што ја одразуваат самата општина со сите свои белези на мултиетничност.

ГЛАСОТ НА ЧАРШИЈАТА

20 МАЈ - 5- ЈУНИ

Културната манифестација на Чаршијата се одржува кон крајот на декември на **плоштадот Скендербег**. Организатор на манифестацијата е Општина Чаир и друштвото Еснафот на Стара Чаршија. Главна цел е промоцијата на Старата Чаршија и **уметничките дела**. Планирано е оваа манифестација да се збогатува со нови содржини со кои ќе се потенцира важноста на Старата Чаршија.

КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА НА ЧАРШИЈАТА

28.11

Млада, но со намера да стане традиција за општина Чашка, на ликовната колонија учествуваат **25 основци и наставник-ментор** од училиштата на територијата на општините Чашка, Велес и Градско. Ликовната колонија им овозможува на младите да ја изразат својата креативност, своите уметнички квалитети и ликовни вештини. На тој начин тие се запознаваат со природните убавини на Република Македонија, поточно со **убавините на централниот регион на државата**. Нивните вешти рачиња на сликарско платно ги пресликуваат пејзажите и карактеристичните мотиви за подрачјето. Од колонијата произлегуваат многу успешни детски цртежи, кои влегуваат во **ликовниот фонд** за творештвото во овој дел од земјата.

Манифестацијата се одржува во основното училиште „Тодор Јанев" во Чашка, каде што учесниците и се сместени. Основците по завршување на детската колонија се здобиваат со признанија за учество.

ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

23 - 29 ЈУНИ

Општина Чашка е исклучително чиста и еколошки здрава животна средина, без чад од индустриски оџаци, со редок сообраќај, богата со чисти и студени води и со плодни ниви. Уживателите во природата имаат можност да поминат еден ден во здрава и **чиста еколошка средина** запознавајќи се со земјоделските производи од селата Стариград, Теово, Согле, Богомила, Ореше, Нежилово, Извор, Мартолци и Оморани. **Дегустацијата на локалните специјалитети**, запознавањето со народната традиција карактеристична за овој крај и контактите со земјоделците од ова поднебје се дел од богатата понуда на Денот на пролетта. Општина Чашка се одликува со благи зими и со свежи лета, како поволен природен предуслов за одгледување различни видови растенија - овошје и зеленчук, шумски плодови и многубројни лековити билки.

Предводник на градинарските растенија од овој крај е богомилското гравче, а не помалку е познат и компирот. Се истакнува одгледувањето на повеќе видови пиперки на почвата во селата Теово, Мартолци и Извор. На подрачјето на Азот во големи количини ги има ореевите, бадемите и лешниците. Многу селани од овој крај ја обезбедуваат својата егзистенција од шумските плодови - печурките како видот вргањ, капинките, шипките и боровинките.

Добрите климатски услови овозможуваат одгледување пчели и производство на висококвалитетен мед. Ливадите, пасиштата и шумите даваат можност за одгледување крупен и ситен добиток и живина, од кои се добиваат квалитетно млеко и млечни производи, месо и јајца.

Бистрите и студени води на реката Бабуна во селото Нежилово станаа дом за пастрмката одгледувана во посебно изградени рибници.

Вкусот на квалитетот, чистото и еколошкото, мирисот на природното и сликата на спектарот од бои на едно место се преточуваат и можат да се доживеат во **гостољубивиот крај** на општина Чашка за време на „Денот на пролетта", кој се обележува во дворот на основното училиште „Петре Поп Арсов" во село Богомила.

„Станкови денови" се одржува по повод животот и делото на народниот херој Александар Урдаревски – Станко, патрон на Партизанскиот дом „Сандево".

Одредницата за почеток на манифестацијата е 18 јануари, денот кога е роден херојот. Тој загинал на 1 февруари, на 24-годишна возраст, ден, кој денес е одреден за завршување на обележувањето на херојскиот придонес на овој великан.

Тридневната свеченост почнува со положување цвеќе пред бистата на народниот борец, придружено со изведба на музичко-литературна приредба. Традиционално, истиот ден почнуваат **натпреварите во шах и во пинг-понг**, кои се одржуваат во големата сала на Домот. Наградите за првите тројца победници ги обезбедува Општина Чучер Сандево.

Први февруари, денот кога починал херојот, се обележува со вечерен концерт. Концертот содржи фолклорен настап на „Александар Урдаревски", културно-уметничко друштво што работи во рамките на Партизанскиот дом „Сандево". Во него членуваат деца и младинци од сите населени места во општина Чучер Сандево. По настапот, следуваат играње ора и свирење и пеење песни на хармоника од локални пејачи, како и изведба на хумористични точки.

Манифестацијата значи **негување на традициите** преку фолклорните настапи, на историјата пренесена преку реферати за животот и за делото на херојот, на спортскиот дух, дружењето и насочувањето на младите кон спортот и културата.

„СТАНКОВИ ДЕНОВИ"

18 ЈАНУАРИ -
1 ФЕВРУАРИ

Голачки фолклорни средби се одржуваат ноќта спроти верскиот празник Св. Пантелејмон, осми август, паралелно со одржувањето на традиционалниот Голачки собор на планината Голак, покрај манастирот „Св. Пантелејмон", изграден на **илјада и петстотини метри надморска височина.**

Верската традиција и верувањето во исцелителната моќ на светецот Пантелејмон како и богатата фолклорна палета од Голачките фолклорни средби ноќта спроти верскиот празник собираат околу десет илјади верници од Источна Македонија, иселеници и туристи покрај манастирот „Св. Пантелејмон" на највисокиот врв на Голак - Чавка. Традиционално, луѓето од Пијанец негуваат силен култ кон великомаченикот св. Пантелејмон. Според житието на светецот Пантелеј, тој од мал го изучувал лекарскиот занает и лекувал од многу болести, поради што на иконите е насликан како лекар. Умрел со маченичка смрт – отсекување на главата. Во манастирот, возобновен во 1919 година, покрај остатоците од старата црква „Св. Петка" од 16 век, ноќта спроти празникот преспиваат околу три илјади верници. Животните приказни раскажуваат дека оваа вечер оздравуваат болните, се лекуваат раните, се спојува духовното со реалното, ѕвезденото небо со планината Голак.

„Од памтивек Голак е најубавото место на денешниот и на утрешниот ден. Спроти Св. Пантелејмон на Голак од дамнина престојувале многу луѓе. Тоа се чини и денес. Некои престојуваат за здравје, некои да си налеат од **светата водичка**, други да се провеселат, да запеат и да заиграат"- вели собирачот на народни умотворби, Димитар Узунски.

Традиционалниот Голачки собор беше повод ентузијасти со поддршка од Општината да ја збогатат вечерта со фолклорни средби. Така почна традицијата, од 1994 година. Ноќта под ѕвезденото небо на Голак доминираат звуците од песните и од ората од фолклорното богатство на традиционалните Голачки фолклорни средби. Сцената се поставува под манастирот и на неа изобилуваат фолклорните мотиви, старите инструменти, автентичните ора, чиишто звуци споени со вековната традиција ги чуваат корените и идентитетот на пијанечкиот човек. Голачките фолклорни средби со настапите на фолклорни друштва од странство последните години добија и **меѓународен признак**. Годинава настапија девет фолклорни групи од Македонија, Бугарија и од Србија. Организатори на настанот се Општина Делчево и Центарот за култура од Делчево.

ГОЛАЧКИ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ

8 АВГУСТ

ПИЈАНЕЧКО-МАЛЕШЕВСКА СВАДБА

Кулминација на пијанечко-малешевската свадба е **венчавањето на младите** во црква. Свечениот ручек за гостите е еден ден, односно од осум часот наутро кога се најавува свадбата со првите удари на тапаните и со **звукот на зурлите** до доцна во вечерта. Според традицијата од овој крај, активностите околу подготовка на свадбата траат цела недела пред централниот настан, а почнуваат со китење на домовите на младенците, поканување на гостите по старински пијанечки обичај, **ергенска и моминска вечер**.

Пијанечко - малешевската свадба ги потсетува делчевци на старите обичаи. Свадбарските адети, кои сè уште живеат во сеќавањето на постарите, се реконструираат со пијанечко-малешевската свадба. На свечениот ден му претходат обичаи, кои траат цела недела. Делчево живее во старото време. Автентично се подготвува домот на младоженецот, се подготвуваат **свадбарските носии**, се канат сватовите и гостите со ракија и со шарени бонбони, се подготвува колата со која ќе се возат младенците, се вршат подготовки за традиционалниот ручек во манастирот „Св. Богородица".

Можноста својата љубов да ја крунисаат на стариот свадбарски пијенечки начин ја имаат младенци што се избираат на **јавен оглас**. Претходно е потребно младите да имаат склучено граѓански брак, а венчавањето во црквата се изведува на традиционалниот начин на денот на главната свадбарска церемонија.

Традиционалноста на пијанечко-малешевска свадба се потврдува за заштитна марка на Источна Македонија. За обичаите и за верувањата вткаени во животот на луѓето од регионот не е многу пишувано и истражувано. Иако **фолклорната традиција** е релативно зачувана, за свадбарските адети може да се каже дека се разликуваат од тие кај современата свадба во однос на намалените обичаи и времетраење. Свадбарските обичаи и песни во пијанечко-малешевскиот регион се мошне специфични, интересни од **фолклорен и од етнолошки аспект**.

Свадбата е плод на соработката меѓу Општина Делчево и Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев" од Делчево. Оваа манифестација е повод во неа активно да се вклучи и невладиниот сектор, што ја дозбогатува програмата за време на свадбата. Меѓународниот фолклорен фестивал и **Саемот на традиционална храна** и ракотворби го дополнуваат амбиентот нагласувајќи ја традицијата, која го чува идентитетот на Пијанец.

Дојран со езерото, како мошне привлечна туристичка дестинација во југоисточниот дел на Република Македонија, беше и остана непрекината **инспирација** за многу поети, ликовни и музички уметници во создавањето нови дела. Тоа беше повод во 1976 година да се создаде културно-уметничката манифестација „Дојрански ракувања".

„Дојрански ракувања" е плод на желба, идеја, голем ентузијазам, кој подоцна прерасна во постојан уметнички растеж и се оформи во една од **најпознатите летни културни манифестации**. Настанот е вбројан меѓу најпознатите фестивали од ваков вид во земјата и во странство. Тој ги **афирмира вредностите на македонската и на регионалната култура.** Манифестацијата денес дава драгоцен придонес во унапредување на меѓуопштинската, регионалната и на прекуграничната соработка. Учесници на манифестацијата се уметници од Македонската опера и балет, врвни музички и културно-уметнички групи, театри, ликовни уметници, поети од градовите во Република Македонија, при што доминираат тие од југоисточниот регион. Не помалку е значајно учеството на уметниците од Грција, Бугарија, Турција, Србија и од други земји од Балканот.

Манифестацијата се одржува во летниот период и содржински е конципирана во три блока: Првиот е наменет за **културно-уметничкиот опус,** вториот го сочинуваат **симпозиуми** посветени на истакнати и заслужни личности од регионот и пошироко и третиот блок е обележан со **„Деновите на македонскиот филм".**

Со години манифестацијата се одржуваше на сцената во црквата „Свети Илија", а денес уметничките богатства се пренесуваат на летната сцена под јаворите во Стар Дојран.

КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА „ДОЈРАНСКИ РАКУВАЊА"

10 ЈУЛИ — 19 АВГУСТ

Фестивалот „Пеце Атанасовски" с. Долнени, традиционално се одржува 35 години, од 1974 година. Фестивалот има меѓународен карактер и на него учествуваат **инструменталисти и фолклорни групи** од повеќе држави од Балканот, Европа и од светот: САД, Австралија, Шкотска, Холандија, Унгарија, Романија, Бугарија, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Словачка, Турција, Грција. Фестивалот го зачувува и негува изворниот фолклор, народните инструменти и песни, традициите и колоритот на македонската нација, етничките заедници во Македонија и на народите во Европа и во светот. Низ ритамот и нотите на народната песна се гради почитувањето и негувањето на **сопствената традиција и култура** и се проучува и презентира културата на соседните народи, народите во Европа и во светот.

Поради тоа, сè поголем е бројот на млади инструменталисти и пејачи од земјава и од странство.

Како придружни манифестации повремено се одржуваат **работилници за изработка на народни инструменти** (гајда, кавал, шупелка итн.) и симпозиуми. Тие служат за промоција и за претставување на народната уметност на македонскиот народ со сите нејзини специфики, кои ја прават поинаква од другите народи во регионот и пошироко (изворните инструменти и песни, народните носии).

Дводневниот фестивал „Пеце Атанасовски" се одржува во чест на верскиот празник на с. Долнени – Спасовден.

ФЕСТИВАЛ „ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ"

(МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА ИЗВОРНИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ И ПЕСНИ)

СПАСОВДЕН /
15 МАЈ - 19 ЈУНИ

„ИБЧЕ-ФЕСТ" с. Лажани е дводневна манифестација, која го негува **фолклорот и народното творештво на бошњачката заедница** во Република Македонија. Носители на уметничкиот дел од програмата се и естрадни уметници од Босна и Херцеговина и од Србија. Фестивалот ја пренесува традицијата на помладите поколенија зачувувајќи го културниот идентитет на Бошњаците преку истакнување на нејзините карактеристики и белези. Манифестацијата тежнее да прерасне во **традиционален настан** на оваа популација во Република Македонија.

„ИБЧЕ-ФЕСТ" С. ЛАЖАНИ

(ФЕСТИВАЛ НА БОШЊАЧКАТА ЗАЕДНИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)

24 И 25 МАЈ

Еднодневното пеливанско борење е **спортско-културна манифестација** на турската заедница во Република Македонија. Повремено се одржува во с. Дебреште, има свои корени, но нема традиционален карактер. Во иднина локалната самоуправа со поддршка од пошироката заедница ќе направи напор за биенално одржување на **пеливанското борење** и да му даде поголем публицитет.

„ПЕЛИВАНСКО БОРЕЊЕ" С. ДЕБРЕШТЕ

(СПОРТСКО-КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА НА ТУРСКАТА ЗАЕДНИЦА)

КРАЈ НА АПРИЛ - ПОЧЕТОК НА МАЈ

Културната манифестација „Виниче" се одржува во прекрасниот манастирски комплекс „Свети Илија" во с. Виниче. На неа учествуваат основци од училишта на подрачјето на општина Гази Баба и ученици од соседните општини и од општините на градот Скопје.

Манифестацијата изобилува со повеќе видови содржини: **сликање со бои, моделирање со глина, цртање на стакло, хорско пеење**. Наизменично, ним им се придружуваат мандолинскиот оркестар, играорните и ритмички групи, изведбите на детски песни, а сето тоа во улога на негување на **изворните македонски песни и инструменти**.

Прекрасниот амбиент произлезен од изведба на различните културни содржини ги зближува и ги проширува хоризонтите на другарувања на децата од различни културни средини, се разменуваат искуства и се збогатуваат сознанијата.

Освежување на манифестацијата ќе биде воведувањето ракетно моделарство и ориентација во простор и нивна демонстрација на терен. На следните манифестации ќе учествуваат и ученици од **збратимените општини** на Гази Баба во други земји – Србија, Бугарија и Словенија.

Во местото Раштак, лулката на македонската орска и играорна традиција, се изведува културната манифестација „Ревија на народни носии, песни и инструменти". Спојот на ненадминливата убавина на македонските **народни носии** од сите краишта на Македонија, народната песна и автентичноста на народните инструменти придонесува за **негување на традицијата** и за нејзино пренесување на идните поколенија. Манифестацијата ќе биде збогатена со нови содржини и со учество на играорни друштва од цела Македонија.

„РАШТАК"
(РЕВИЈА НА НАРОДНИ НОСИИ, ПЕСНИ И ИНСТРУМЕНТИ)

ТЕРА
ТЕРА

Од памтивек до денес, смоквите се обележје на Гевгелија, а слаткото од медитеранското овошје, направено по старински рецепт, е оригинално и единствено меѓу своите видови во Македонија и во светот. Продолжување на традицијата во одгледувањето смокви и афирмацијата на готварските специфики вткаени во **оригиналноста на слаткото од зрели смокви** од година во година ја одржува и промовира невладината „ТеРа" под покровителство на општина Гевгелија, под името „Смоквијада".

Екипи составени од гевгеличанки и од по некој гевгеличанец секоја година го приготвуваат слаткото и се натпреварува за титулата **„најдобро слатко од зрели смокви"**. Други се натпреварува во дисциплината „најдобро уреден штанд од зрели смокви". Во двете дисциплини - најдобро слатко и најдобро уреден штанд, победниците ги прогласува комисија. Фестивалот почнува со **дефиле на фолклорни друштва**, а ним им се придружуваат исполнители на забавна и на народна музика.

„Смоквијадата" е продолжување на вековната традиција во Гевгелија – гостинот да се пречека со слатко од зрели смокви.

„СМОКВИЈАДА"

КРАЈ НА АВГУСТ

„Калинка" е меѓународен детски музички фестивал со единствена порака - детето да се чувствува влијателно, а Гевгелија четири дена да биде **град на детството и на младоста**. Низ четиридневните концерти, драмски претстави, ликовни изложби, литературни работилници децата живеат едновремено славејќи ја песната, другарството и играта.

На фестивалот се изведуваат 12 песни за деца од познати автори во Македонија. На меѓународната вечер се претставуваат деца од други земји, кои песните ги исполнуваат на сопствениот, мајчин јазик. За време на четирдневниот настан, околу **150 деца** настапуваат како солисти, хористи и танчари. Тие, преку другарувањето и песната, испраќаат порака за мир, пријателство и љубов во целиот свет. Уривајќи ги јазичните пречки, децата покажуваат дека пограничната Гевгелија како отворена порта кон Европа заслужено го носи името **културна престолнина на детската песна** и на детското творештво.

„КАЛИНКА"

ВТОРА ПОЛОВИНА ОД МАЈ

„ГИТАРИЈАДА”

„Гитаријадата" е смотра на млади музичари - рок-групи од Македонија. Половина век „Гитаријадата" ја промовира општина Гевгелија во центар на рок-музиката, кој привлекува **голем број учесници** и уште поголем број гости. Музичкиот дел е поделен на една или на две вечери на селекција, во зависност од бројот на пријавени изведувачи. Третата вечер е финална вечер на која жирито составено од познати и **докажани музичари и новинари** и од публиката од друга страна ги избираат трите најдобри состави. Наградата е бесплатно снимање видеоматеријал и настап на „Гитаријадата" во Заечар, Србија. Натпреварувачкиот дел е дополнет со **ревијално учество на афирмирани македонски групи**.

„Гитаријадата" ги собира младите музичари од земјава на едно место, каде што можат да го одмерат своето знаење и умеење во рок-музиката.

На 23ти декември во **1992 година** се конституираше Советот на Општина Гостивар. Секој 23ти декември општината организира еднодневна културна манифестација која ја бележат повеќе активности.
Во големата сала на општината во присуство на гостите и граѓаните, се истакнуваат работите завршени од страна на општината и јавните претпријатија , се прогласуваат најдобрите работници на полето на основно и средно образование, најдобрите спортисти на годината и др.
Заради овој настан сите средни училишта, кои едновремено имаат и патронат, организираат низа културни и спортски активности.

ДЕН НА КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

23ТИ ДЕКЕМВРИ

Повеќе од 30 млади уметници од основните училишта, на 24 април, секоја година имаат можност да ја испробаат својата уметничка дарба во општина Ѓорче Петров. Изработените **детски креации** на колонијата што се одржува во с. Кучково се претставуваат на **изложба** во општина Ѓорче Петров. Манифестацијата има намера да го прошири територијално учество, односно да има регионален карактер со учество на ученици од училишта надвор од градот Скопје.

ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

24 АПРИЛ

„Денот на крстот" го обележуваат селски игри карактеристични за подрачјето на општина Ѓорче Петров. Највпечатлива е возобновената древна игра **„Фати го петелот"**, која потекнува од околината на с. Кучково. Натаму, следуваат и други препознатливи **селски игри**. Нивната автентичност и оригиналност ги прави уникатни во поширокиот регион.

ДЕНОТ НА КРСТОТ

1ВИ МАЈ

ФОЛКФЕСТ „ВАЛАНДОВО" - РЕПРИЗА

28ми ЈУНИ

На стадионот „Македонија" во општина Ѓорче Петров се одржува **репризно издание на Фолкфест „Валандово"**, во чест на меѓуопштинската соработка на општините Ѓорче Петров и Валандово. Музичарите-финалисти се на репертоарот од годинашното репризно издание на фестивалот. Средствата од продадените билети за репризниот фестивал, кој досега го посетиле повеќе од десет илјади граѓани, се наменети за **хуманитарни цели**.

„Вино-Скоп" е меѓународен вински фестивал за прославување и афирмација на **вековната традиција** за производството на вино и за угостителството во Македонија. Фестивалот на виното ги промовира квалитетните и сортни вина со дегустација на вина, кои се оценувани од меѓународни енолози. На овој фестивал учествуваат винарници и од странство. Традицијата во висококвалитетно винско поднебје на Република Македонија се обележува секоја година. На тој начин се дава придонес во создавањето култура и свест за фестивали, го промовира квалитетот како традиција со својата современа туристичка и економска димензија, а придонесува во популаризација на македонското традиционално занаетчиство, вино и храна пред гостите од земјата и од странство. На едно место се претставува и надоградува **европскиот имиџ** на град Скопје и се помага во успешното позиционирање на македонските производители на вино, угостители и занаетчии, едновремено развивајќи ја македонската уметност и култура. „Вино-Скоп" е место каде што може да се следат и постојните тенденции на полето на производството на вино, угостителството и занаетчиството во светот.

Карактеристични активности за време на четиридневното празнување се дегустациите, аукцијата на вина на **гала-отворањето** на фестивалот, натпреварите за најдобро совпаѓање на храна со дадено вино, најдобро послужено вино, најсоодветно изработена винска карта за ресторани и за кафулиња на македонски и на англиски јазик, наградни игри, предавања за виното и организирање презентации, курсеви, предавања. „Винските" содржини се надополнети со интерпретации на музички групи од странство (дувачки, класична музика, културно-уметнички друштва, староградски мелоси и народна музика, фолклорна етномузика и сл.).

„ВИНО-СКОП"
(ФЕСТИВАЛ НА ВИНОТО)

ОКТОМВРИ

„БАСКЕРФЕСТ”

КРАЈ НА МАЈ И
ПОЧЕТОК НА ЈУНИ

„Баскерфест” е интернационален **мултикултурен уличен фестивал,** симбол на глобалното поврзување на културите и на народите преку универзалниот јазик на разбирањето, мимиката и пантомимата. Тој го носи духот на светот во Скопје. Посетителите и публиката имаат можност под отворено небо десет дена да уживаат во интересни претстави на артистите, кои доаѓаат од **цел свет**. Претставите се бесплатни.

„Бела ноќ" преставува културен настан со кој се овозможува организирана презентација на современата македонска меѓународна **светска уметничка сцена** во тек на цела ноќ, на повеќе од 15 локации во градот - во културните установи во Скопје, на градските улици, Градскиот парк, плоштад Македонија, кеј 13 Ноември, Старата скопска чаршија, облагородувајќи го стереотипното градско секојдневие/секојноќие.

Настанот трае до раните утрински часови, а идејата подразбира презентација на **најсовремените уметнички трендови** пред граѓаните со цел демистификација на митот за уметноста и за културата и приближување на повисоките естетски културно вредности на граѓаните и промоцијата на градските културни установи.

Преку дружење, уметност, креативност, театар, музика, танц, спорт, солидарност, барем во една ноќ, во „Бела ноќ" граѓаните имаат можност на повеќе локации во градот да видат и да учествуваат во многубројни настани, кои овозможуваат да се спознае блискоста меѓу луѓето и **нераскинливата врска меѓу културниот развој и квалитетот на живеење** во нашиот град.

Заради опфаќање повеќе целни групи граѓани, како дополнителни содржини во манифестацијата влегуваат организирани спортски натпревари, традиционалниот турнир во улична кошарка (Street-Ball) меѓу учениците од средите училишта, полноќната модна ревија, театарскиот спектакл на плоштад Македонија, хуманитарни акции, концерти на забавна и на рок-музика. Концептот на „Бела ноќ" е замислен плански да се опфатат програмските содржини за сите граѓани, **од 7 до 77 години**, во часови што одговараат на возраста на жителите на Скопје.

„БЕЛА НОЌ"

ПОСЛЕДНА САБОТА
ОД СЕПТЕМВРИ

Фестивалот „Скопско лето" е еден од најстарите традиционални културни фестивали во Скопје, а е формиран со идеја да се систематизира и збогати **културната понуда во Скопје** во летните месеци. Манифестацијата е од меѓународен вид и до сега го има обезбедено гостувањето на многу познати и квалитетни светски имиња од областа на уметноста во Скопје. „Скопско лето" е своевиден подиум и за промоција на многу **домашни млади уметници и таленти**, а се одвива во соработка со повеќето културни институции во Скопје, независни културни центри, амбасади и странски културни центри, уметнички ансамбли и солисти.

Секоја година, почнувајќи од 21ви јуни, **првиот ден на летото** и Светскиот ден на музиката се креваат завесите на триесетина различни локалитети – сцени, на „Скопско лето". Сè до 31ви јули, кога завршува манифестацијата, во ритамот на духовноста пулсираат отворените сцени на Скопската тврдина, Старата чаршија, Куршумли-ан, Сули-ан, кејот на Вардар, Градскиот парк, салоните на скопските театри и на ликовните галерии. Приближно **две илјади учесници** и гледалиштата ги привлекуваат скопјани, гостите на Скопје, сите тие што моментно живеат и работат во главниот град на Македонија или се само на поминување.

„СКОПСКО ЛЕТО"

21 ЈУНИ- 31 ЈУЛИ

60 ГОДИНИ
1949 2009
YEARS

Меѓународниот театарски фестивал „Млад отворен театар" (МОТ) е еден од најголемите театарски фестивал во Македонија. Основач на фестивалот е Младинскиот културен центар, а настанат е со идеја **да ја промовира младата и алтернативна театарска сцена**. МОТ низ годините прерасна во реномиран европски фестивал, еден од позначајните на Балканот на кој годишно се претставуваат повеќе од 15 претстави, кои го отсликуваат духот на современието. Основната задача на МОТ е да трага по **нови театарски идентитети и естетика,** преку создавање копродукции на македонски театри со фестивали од Европа и од светот; промовирање млади автори од Централна и од Источна Европа, со главен акцент на соседните земји; организирање работилници, семинари, промоции и трибини со истакнати театарски личности; подготовка на каталози и на програми, кои се испраќаат до значајни театарски институти, фестивали и театри во светот. При селекцијата на програмите посебно се води грижа за **претставување на најдобрите театарски продукции** од македонските театарски куќи во тековната година.

Претставите се одржуваат во просториите на Младинскиот културен центар, на сцените од другите театарски куќи во Скопје, плоштадот Македонија и на алтернативни простори низ градот.

МОТ

МЛАД ОТВОРЕН ТЕАТАР
(ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ)

ВТОРА ПОЛОВИНА
ОД СЕПТЕМВРИ

„ГУРМАНСКИ ВИКЕНД ВО СКОПЈЕ"
(Фестивал на пивото)

септември

„Гурмански викенд во Скопје" е наменет за **љубителите на добро приготвена храна** и за мајсторите што сакаат да се докажат во готвењето по гурмански рецепти. Со добра храна оди и добро пиво, какво што е македонското, преточено во врвен фестивал на производители на пиво и на консументи на пиво. Плато-то зад Кале во Скопје е дестинација на **европските национални кујни** и на европските и светски пивари.

„НАЈДОБАР УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ"

март и април

Тајни купувачи и Агенција за тајно купување (Mystery shopping), прават три испитувања на околу сто угостителски објекти, кои по случаен избор ќе влезат во **трката за „Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите"**. Најдобрите три ресторани и три гостилници добиваат признанија за квалитет и за престиж.

„МЕСЕЦ НА ТРГОВИЈАТА"

ноември - декември

„Месец на трговијата" ги оценува и наградува **најдобрите**, **најоригиналните** продажни места и **најдоброснабдените** со квалитетна и евтина трговска стока. На најдобрите продажни објекти од сите категории им се доделува златна плакета, а на второпласираните и на третопласираните им се врачува сребрена и бронзена плакета.

ДРУГИ НАСТАНИ:

„Во срцето на Македонија" традиционално се одржува во општина Градско **од 2005 година**. На фолклоријадата учествуваат културно-уметничкото друштво „Илинден" од с. Виничани, „Стоби" од населба Градско, културно-уметничко друштво од соседните земји и четири друштва од други градови и населени места во Република Македонија, меѓу кои и едно од етничките заедници во земјата. Претставувањето и негувањето на фолклорот и на музиката од Македонија – изворен, стилизиран, народен, е начин да се зачуваат и пренесат дамнешните преданија изразени преку зборот и нотата. Фолклоријадата е **промовирање на изворното богатство на земјава**, кое е единствено во регионот и длабоко вкоренето во народното предание и паметење.

ВО СРЦЕТО НА МАКЕДОНИЈА
(ФОЛКЛОРИЈАДА)

МАЈ

Фестивалот ги негува **фолклорните обичаи и традиции**. Учествуваат културно-уметнички друштва од Македонија, од балканските и од други европски држави. Еднодневниот настап го исполнуваат играта и песната на деца **од седумгодишна до 17-годишна возраст**.

„МОСТОВИ"
(МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ)

АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ

Културното лето „Три Круши" гради имиџ на културна и **меѓународно прифатена манифестација** со настап на реномирани домашни и странски уметници. Младите уметнички пориви се афирмираат во рамки на Детскиот културен фестивал. Гости-учесници доаѓаат од Русија, Италија, Украина, Бугарија, Србија, Хрватска и од Турција. Меѓународниот карактер на манифестацијата овозможува претставување на културни и на народни обичаи од разни страни на светот. Неизбежни се настапите на **културно-уметничките и фолклорни друштва**, добрата забавна музика, целовечерните концерти, театарските претстави, хуморот и детските програми.

„Трите Круши", според посетеноста и квалитетот, го оправдува епитетот на општина Кисела Вода за отворена локална самоуправа, која преку културата и уметноста ги зближува народите од светот.

Манифестацијата се одржува во културно-верскиот рекреативен центар Три Круши во населба Драчево, а годишно ја посетуваат околу **40.000 посетители.**

„ТРИ КРУШИ"
(КУЛТУРНО ЛЕТО)

КРАЈ НА ЈУНИ -
СРЕДИНА НА АВГУСТ

„Деновите на кочанскиот ориз" го слават **оризот како симбол на кочанскиот крај**. Манифестацијата е спој на традицијата и на современиот уметнички израз и приказ на патот на оризот од нива до трпеза. Духовното и материјалното културно наследство се пренесува преку песната, орото, народните обичаи, традиционалната кујна, изложувањето на старовремски предмети и алатки за обработка на ориз.

Обичајот зажнејување го прикажува рачното собирање на родот од нивите со срп и сите адети со него: благослов на жетвата, аргатски ручек на нива, наджнејување и натпејување меѓу жетварите, врзување снопје. Автентичната изведба на нива со **фолклористи во изворна народна носија** е чин на враќање кон корените и нераскинлива врска со традицијата.

Во манифестацијата „Денови на кочанскиот оризот" учествуваат аматери, вљубеници во фолклорот и елитни уметничкиимиња.Програматавклучува настани од музичката, книжевната и ликовната уметност; изложба и дегустација на традиционални јадења од ориз, избор на жетварска убавица, ревија на народни носии.

Манифестацијата посветена на оризот, во организација на општина Кочани, како вековна земјоделска култура во Кочанско со прва заштитена ознака на потеклото наградена на саемот „Еурека" во Брисел, ја засилува и проширува **меѓународната соработка** на општината и е значаен дел од културната туристичка понуда на Кочани.

„ДЕНОВИ НА КОЧАНСКИОТ ОРИЗ"
(МЕЃУНАРОДНА МАНИФЕСТАЦИЈА)

ПРВАТА СЕДМИЦА
ОД ОКТОМВРИ

Драмскиот аматерски фестивал е државна културна манифестација, која го обединува **театарското аматерско движење во Македонија**. Последните години, како меѓународна, придонесува во Македонија да се следат актуелните движења и преокупации на аматерите и од други држави. Шестдневниот фестивал нуди претстави за деца, вечерна и алтернативна театарска програма. Жири составено од познати театарски работници доделува награди за најдобро аматерско остварување, најдобра режија, главни и епизодни улоги, награда за истражување по **нови сценски изразени средства** и експеримент во аматерскиот театар. Драмскиот аматерски фестивал во своето речиси **петдеценско постоење** прерасна во извор од кој се црпат сите значајни квалитети за театарот во Македонија: актери, режисери, драматурзи. ДАФ настојува постојано да го следи трендот во театарот, а аматерите да бидат еднакви на професионалците, во смисла на тоа што се поставува на репертоар, во актерската игра и режисерската постапка.

ДАФ
(ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ)

ПОСЛЕДНАТА СЕДМИЦА ОД МАЈ — ПРВАТА СЕДМИЦА ОД ЈУНИ

Ликовната колонија „Кочани" создава колекција на квалитетни и одбрани уметнички дела **инспирирани и создавани во Кочани**. Учествуваат млади академски сликари, познати уметници од Македонија и од други соседни држави, кои творат во техниката масло на платно, акварел... Овој културен настан во претставува можност и за презентација на **природните и на културните вредности** на Кочани, кои се овековечуваат во делата на уметниците.

ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

СРЕДИНА НА АВГУСТ

Еднодневната манифестација е посветена на свети Ѓорѓи Кратовски, кој е заштитник на општина Кратово. Патрониот ден почнува со пречек на поглаварот на Македонската православна црква, владиката Стефан и на митрополитот полошко-кумановски, митрополит Кирил со нивната придружба пред црковниот храм „Св. Ѓорѓи Кратовски". Тогаш, црковните лица пред верниците ја одржуваат **свечената богослужба** во црквата „Св. Ѓорѓи Кратовски". Поради големото значење на денот за градот, градоначалникот на општината има прием на високата црковна делегација и им упатува поздравна беседа. Од 2002 година се практикува прекршување патронен колач и се осветува вода на плоштадот пред граѓаните. Патроната свеченост продолжува со **наградување творби посветени на новомаченикот св. Ѓорѓи Кратовски** и со богата културно-уметничка програма со настап на музички и на фолклорни групи.

СВЕТИ ЃОРЃИ КРАТОВСКИ
(ПАТРОНЕН ДЕН НА ГРАДОТ)

24ТИ ФЕВРУАРИ

Детската ликовна колонија е посветена на незаменливата, уникатна и речита архитектура на градот Кратово. Учесници на колонијата се деца на возраст од 16 години, а темата е **мотиви од староградската архитектура во Кратово**. Од 2008 година, петдневната манифестација за првпат доби меѓународен карактер и на неа учествуваа деца и од Република Бугарија.

„ЛАЗАР СОФИЈАНОВ"
(ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА)

9ТИ-14ТИ ЈУНИ

Манифестацијата практикува обичај и се претставува преку настапите на културно-уметнички друштва со фолклористи **облечени во стари изворни носии** од сите краеви на Македонија.
Специфичен обичај на манифестацијата е дефилето. За најубаво изработените и за најстарите сочувани и комплетирани оригинални носии се одвојуваат три награди од жирито составено од етнолози.
Дводневната манифестација е од **државен карактер** и има намера да се прошири на меѓународна сцена каде што живеат Македонци. Иницијатор на Денови на македонската народна носија од 1971 година е младинската организација на Кривогаштани.

ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА НОСИЈА

МАРТ

Ликовната колонија „Куманово" се организира од националната установа „Музеј Куманово", а од 2007 година и со поддршка од општина Куманово. Место на одржување на ликовната колонија од 2007 година е меморијалниот центар на АСНОМ во с. Пелинце. На оваа културна манифестација учествувале **повеќе од 520 ликовни уметници** од Република Македонија и од странство, а досегашната продукција брои повеќе од 700 ликовни дела.

Ликовната колонија ја надоградува својата препознатливост од 1974 година, а денес веќе има меѓународен карактер. Создадените дела од десетдневното творење се презентираат на посебно организирана изложба со цел **да се промовира новосоздадениот инспиративен ликовен опус**. Изложбата се одржува во уметничката галерија „Куманово" од која произлегува печатен каталог.

„КУМАНОВО"
(ЛИКОВНА КОЛОНИЈА)

АВГУСТ

Куманово е центар и домаќин на тамбурашките оркестри од земјава и од Балканот од 2005 година. На фестивалот учествуваат тамбурашите од Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Словенија и од Хрватска. Тоа дава **меѓународен карактер на манифестацијата**, која има ревијална природа. Единствен предуслов за учество на фестивалот е изведувачите да отсвират автентична музика од крајот од каде што доаѓаат, да се слушне различното музичко размислување и звукот на тамбурата. Два дена од Куманово ечи и се шири милозвучната струна на тамбурата како македонски етноинструмент.

Фестивалот има и придружни активности - етноизложба и доделување благодарници и плакети на учесниците.

Главен носител на фестивалот е **здружението на граѓани „Кумановски тамбураши"**, кое фестивалот го одржува на отворено, на градскиот плоштад во Куманово.

ТАМБУРАШКИ ОРКЕСТРИ
(МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ)

КРАЈ НА АВГУСТ-ПОЧЕТОК НА СЕПТЕМВРИ

Смеата, хуморот и шегата го покриваат Куманово дванаесетина дена. Тогаш, во овој град се одржуваат Деновите на комедијата Националната установа – Центар за култура „Трајко Прокопиев" од Куманово е организатор на „Деновите на комедијата". **Фестивалот има меѓународен карактер.** На најдобрите претстави организаторот им доделува статуетка на познатиот кумановски народен шегобиец, батко Ѓорѓија. Настапуваат и ансамбли од Црна Гора, Бугарија, Косово и од Хрватска. Организаторите се задоволни од посетеноста на претставите што, според нив, е гаранција дека в година достојно ќе биде одбележан мини-јубилеј - **10 години „Денови на комедијата"**.

„ДЕНОВИ НА КОМЕДИЈАТА — КУМАНОВО"

(МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ)

ОКТОМВРИ

ДЕТСКИ ЦЕНТАР
ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ
С.Д. МАНАСТИРЕЦ

„НОСЕЊЕ НА ВЕЛИГДЕНСКИТЕ КУЛИ"

ВТОР ДЕН ВЕЛИГДЕН - ПОНЕДЕЛНИК

Обичајот „носење кули" датира од отоманскиот период. Во Македонски Брод секогаш се одржува на вториот ден од верскиот православен празник Велигден - понеделник. На тој ден верниците за покрсје стануваат рано и во седум часот тоа утро одат в црква. Луѓето одат во соборниот храм „Света Богородица" во Македонски Брод, палат свеќи за здравје, се собираат и земаат икони, а отецот ги поведува на покрсје на светите места во Македонски Брод. Таму се изведува мошне **карактеристичниот и редок чин на заклинување**. Во даб со секира се прави крст, а во средината на крстот со свердел се вади дел од дабот. Местото се полева трипати со црвено вино и во него се става клин од сурово дабово дрво, кој е претходно направен. Клинот со секирата се набива во дабот како симбол на здравје, среќа, напредок и мирен живот на жителите од тој атар.

Во 13 часот сите се собираат во црквата на ручек. Девојчињата, облечени во народна носија, врзуваат шамија за шамија сочинувајќи тунел под кој се протнува цел народ пеејќи ја песната „кален број - мален број". Следува правење на кулите на блиското гумно, од каде што, всушност, пред многу векови почнал овој обичај. **Кулите се „изградени" од силни момчиња во два реда** – по пет на долниот и на горниот ред. Не се отстапува од старата маршрута, која води до старото сретсело на Македонски Брод. Секоја успешно изнесена кула се наградува со црвени велигденски јајца.

Овој специфичен обичај е уникатен на Балканот и во Република Македонија, и непрекинато се повторува речиси три века. Низ времето пренесени од поколенија на поколенија, за „велигденските кули" се врзани многубројни легенди испреплетени со богат народен мотив.

Една од многуте легенди е и оваа:

„Многу оддамна, за време на отоманското ропство во селото Брод владеел бег. Поробеното македонско население со години го молело бегот да им овозможи барем еден ден во годината да им даде слобода да го пречекаат Велигден, не скришум, а христијански, со гајди и со тапани. Бегот се согласил да им даде еден ден за прослава, но не првиот, туку вториот ден од Велигден – понеделник. Од радост, славењето почнало тој ден и биле формирани првите три кули, кои го симболизирале отоманското (првиот ред) и македонското население (вториот горен ред).

Оваа убава традиционална манифестација завршува со фестивал на народни игри и ора, во кој се вклучуваат и **меѓународни фолклорни групи**, со намера да прерасне во меѓународен фестивал на велигденски обичаи, ора и песни.

Жителите на Македонски Брод порачуваат: ако за Петровден одите во Галичник и во Река, за Илинден во Крушево, тогаш каде и да сте за втор ден Велигден повелете во Македонски Брод на „велигденски кули".

ВОДИЦИ ВО ПОРЕЧЕ

17ТИ - 20ТИ ЈАНУАРИ

Водици се слави на традиционален начин во Пореч е. Триесетина села сместени од левата страна по течението на реката Треска четири дена ги исполнуваат древните обичаи и преданија врзани за овој верски празник.

Обичајот почнува на **17 јануари**, кога со водички песни се врзуваат крстовите во куќите на божикумовите. Крстот е украсен со сребрени пари, босилек и со мартинки. Ноќта, во бакарно котле крстот се носи во манастирот „Света Богородица", во село Манастирец.

Вториот ден е Водокрст и се слави во вечерните часови. Кај божикумот се собираат сите од тој крст, а тој ги гости со посна трпеза преполна со овошје и со ракија. Потоа се посетуваат сите куќи, божикумот влегува и се поздравува со домаќините, ги попрскува со крстот и ги благословува **„колку капки толку дар и бериќет во куќата, живот и радост во семејството"**. Ги попрскува со светената вода од крстот и пчеларниците, пондилата и стоката. По овој чин, божикумот седнува на трпеза полна со посни јадења каде што го сече лепчето и каснува од сѐ што е поставено на масата за подобар и поздрав род в година и за посреќно и поздраво семејство.

Третиот ден е машки Водици. Тогаш во Македонски Брод се фрла крстот во реката Треска и тој што ќе го фати е награден од црквата. Едновремено, во селата низ Поречието празнувањето почнува од рано утро, во црква се служи топла ракија и со песна се оди на полни трпези во куќите на божикумовите. Веселбата продолжува со семеен ручек и вечера.

Четвртиот ден е **женски Водици**. Жените и девојките се собираат в црква, каде што божикумовите ги служат со топла ракија и се играат ора. Оттаму, тие одат во куќите на божикумовите на убави сервирани трпези пеејќи им стари водичарски песни. Хуморот, смеата и шегата се неизоставен декор на посетите. Од секој божикум се бара домашен колбас што потоа се пржи и се јаде. Додека мажите одат, жените китат магаре со низа пиперки и кромид, на кое е качен човек, исто така накитен со пари, пиперки и со црпки. Магарето се внесува во куќите на божикумовите. Славењето продолжува до вечерните часови, кога се носи прегозба и се предава крстот на дотогашниот лажикум т.е. идниот божикум.

Реканското културно лето е домаќин на традиционалната **реканска пита** во општина Маврово и Ростуша. Вредните домаќинки од неколку населени места од општина Маврово и Ростуша секоја година подготвуваат околу 30 пити од кои приближно 13 влегуваат во потесниот избор за најдобра пита. Меѓу вкусните теста карактеристични за овој крај на Македонија може да сретнат питата со компир, зелникот и многу други, кои и се наградуваат за врвно кулинарството. Сведоците на готварските вештини од овој крај можат одблизу да се запознаат со изработката на питите, да го следат изборот на најдобрата и највкусна пита, а, секако, и да ги дегустираат **врвните мајстории** на мавровските и на ростушките жители.

Во рамките на манифестацијата на традиционален начин пред присутните гости се прави и надалеку познатата реканска алва. Денот на питата и на алвата е збогатен со соодветни активности: посета и промоција на водопадот Дуф, кој се наоѓа во непосредна близина на село Ростуше, **перформанс на народна музика со зурли и со тапани**, настапи на естрадни ѕвезди и на играорното друштво „Рекански бисер - Река иншиси" од Ростуша, а детското забавно катче е наменето за најмладите.

ДЕН НА ТРАДИЦИОНАЛНА РЕКАНСКА ПИТА

(РЕКАНСКО КУЛТУРНО ЛЕТО)

25ТИ ЈУЛИ

Галичката свадба или Петровденската галичка свадба (се одржува на Петровден) е богата со многу оригинални, единствени и **неповторливи свадбарски обичаи и ритуали.** Во деновите на свадбата пиштат зурлите и ечат тапаните „од Галичник до Река", со сиот подземен и надземен екот кон каменот на Бистра и небесниот свод. Тие придружници на печалбарите од овој крај на Македонија секогаш ја најавуваат Галичката свадба, која е со најмногу сватови.

Галичката свадба со своето опстојување придонела да се **негуваат единствените свадбарски обичаи** и ритуали на галичаните (чекање на тапаните, свекрвино оро, носење невеста на вода, поставување свадбарски бајрак, канење на мртвите, бричење на зетот, земање на невестата, замесување на лебот, венчавање во црквата „Св. Петар и Павле"), да се сочуваат изворните песни, ора, и надалеку познатата галичка носија - изработена со филигранска прецизност и точност на терзиите. Секоја година, посебна комисија избира двајца млади, кои ќе се венчаат на Галичката свадба. Еден од предусловите е барем еден од младите да потекнува од галичко семејство.

И денеска, сè уште е актуелна порака-та од народната песна наменета за галичкиот печалбар **„каде и да си за Петровден дома да си"**.

Оваа манифестација во голема мера ја популаризира атрактивноста и природната убавина на галичкиот, ростушкиот и на мавровскиот крај.

ГАЛИЧКА СВАДБА

12ТИ ЈУЛИ

Во село Добрушево, околу 30 години се одржува културната манифестација „Ревија на пејачи -аматери" на **народни македонски песни**. Во осумчасовната културно-уметничка програма учествуваат пејачи-аматери, кои претходно се пријавуваат за настап кај организаторот за оваа традиционална манифестација. На ревијата, која секогаш се одржува на 1ви мај, жирито врши избор и прогласува победник, а првите тројца изведувачи ги наградува со парична награда. По натпреварувачкиот дел, следува целовечерна забава за присутните.

ДОБРУШЕВСКА РЕВИЈА НА ПЕЈАЧИ-АМАТЕРИ

1ВИ МАЈ

Верскиот православен празник Пет ровден е задолжен за иселеничките средби што се одржуваат во селото Долно Српци. Тоа е ден кога има **најмногу гости од странство**, македонски сонародници иселени во западноевропските држави, Австралија и во Америка. Тие доаѓаат во родното место за време на летните одмори, што е причина за Петровденските средби. На ден Петровден сите се собираат на сретселото каде што се организира **свечена забава со музика**. Средбите се одржуваат повеќе од 20 години.

ИСЕЛЕНИЧКИ СРЕДБИ

12ТИ ЈУЛИ

ВЕЛИГДЕНСКА ЗАБАВА - МОГИЛА

ВЕЛИГДЕН

Верскиот празник Велигден се обележува со „Велигденска забава", богата со културно-уметничка програма и со настап на **културно-уметнички друштва** од општина Могила и од Битола. Манифестацијата е традиционална и е поврзана со празнувањето на вознесението Христово. „Си се вознел во слава, Христе Боже наш, и си ги зарадувал учениците со ветувањето на светиот дух, а со благословот си ги уверил дека ти си син Божји, избавителот на светот".

Пораките што го слават заминувањето на Христа кај отецот, и оттогаш тој седи од десната страна на отецот, се препрочитуваат секоја година на овој датум: „Не е ваше да ги знаете времињата или годините што отецот ги задржал во своја власт; но ќе примите сила, кога врз вас ќе слезе светиот дух; и ќе ми бидете сведоци и во цела Јудеја и Самарија, и дури до крајот на земјата. И веднаш, додека гледаа како се крева на небото, двајца мажи во бела облека, всушност ангели, благовестеа за Второто доаѓање на Христос на земјата". Така, аманетот Христов се преточи во **народниот адет** секоја година празнуван во општина Могила.

Според народното толкување, св. Трифун е познат како **покровител на меанџискиот еснаф и заштитник на лозјата и на винарите**. Во Тиквешијата и во Повардарието, кои се познати по лозовите насади, виното и ракијата, во чест на овој ден се изведува обредно закројување на виновата лоза. На тој начин се верува дека лозјата ќе бидат заштитени од штети, болести и од несреќи.

Манифестацијата „Св. Трифун" добива сè поголем публицитет, афирмација и прерасна во стопанско-туристичка манифестација под наслов петдневна „Недела на виното". За време на оваа манифестација, општина Неготино, во соработка со лозарите од неготински „Витис", организира **дегустација на вина** од познати винарници и од приватните производители, стручни предавања, промоции, изложби и други стопански и културни манифестации. Централната прослава се одржува на градскиот плоштад, каде што се изложбените и дегустациските штандови наменети за посетителите. Целата манифестација е проследена со **богата културно-уметничка програма**, и од година в година го гради и својот меѓународен карактер.

НЕДЕЛА НА ВИНОТО

10ТИ -14ТИ ФЕВРУАРИ

Повеќе од сто години во чест на верскиот празник Мала Богородица – 21ви септември, во Неготино се одржува познатиот Неготински панаѓур. Последните години празнувањата почнуваат од 19ти септември, кога се одржува вечер на **староградска песна, музика и дружење за сите генерации,** позната како Неготинска вечер. Тогаш Старата чаршија и градскиот плоштад се претесни за да ги соберат посетителите. Празнувањата продолжуваат на 20ти септември со познатата Манастирска вечер, кога граѓаните традиционално и масовно го посетуваат манастирот „Свети Ѓорѓи", кој се наоѓа во непосредна близина на градот Неготино. Во текот на следните три дена, 21ви - 23ти септември, почнува стопанскиот дел од манифестацијата. Централното градско подрачје е претворено во огромен саем на кој трговците што доаѓаат од **сите краеви на Македонија** нудат широк асортиман на производи и на стока. Во петте денови од Неготинскиот панаѓур, Неготино е отворено и подготвено да ги пречека сите добронамерни гости и посетители.

Панаѓурот датира од пред повеќе од еден век, но тогаш неговите почетоци биле со помали размери, како пазар за стока на граѓаните на Неготино и на околните населени места. Во последните години, посебно по осамостојувањето на Република Македонија, тој е претворен во вистинска културно-стопанска манифестација, која добива и меѓународен карактер.

ТРАДИЦИОНАЛЕН НЕГОТИНСКИ ПАНАЃУР

19ти - 23ти СЕПТЕМВРИ

Народниот херој Ѓорги Сугарев е роден 1876 година, во Битола. Уште од рана младост се зачленил во битолскиот разгранок на ТМОРО. Сугарев бил активен во Илинденското востание и ја докажал својата храброст во многу борби против отоманската армија. Во 1905 година бил предаден од Петар Лигушев, секретар на битолската ТМОРО, во близина на селото Паралово, Битола. Во крвавата битка, сите востаници под негова команда биле убиени. Не чекајќи да падне во рацете на непријателите, Ѓорги Сугарев извршил самоубиство. Во негова чест, денес, на местото на загинувањето се полага свежо цвеќе и се одржува литературно читање.

ГОДИШНИНА ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ЃОРГИ СУГАРЕВ, С. ПАРАЛОВО

5ТИ АПРИЛ

Се одржуваат секоја година во текот на јуни или на јули, манифестацијата трае 2 дена. И во текот на двата дена има **читање на литературни творби од поетите од општина Новаци**. Средбите се одржуваат од 2001 година, во различни термини.

Црковниот собир се одржува традиционално, секоја година на истиот датум, а на него присуствуваат **голем број верници** од општината и пошироко. Славењето е посветено на раѓањето на пресвета Дева Марија, преблагословената ќерка на Јоаким и на Ана. Нејзиното рожденство, запишано во житијата, христијанските православни верници го величат секоја година како празник кај народот познат како Мала Богородица.

„Запејте, затрубете, зарадувајте се. Заиграјте гори, затоа што се роди преславна Гора, Гора Божја во која посака да живее Господ!...'' Тоа биле зборовите од псалмите, кои еднаш одамна во својата голема куќа ги испеал славниот Јоакимов предок, цар Давид, претскажувајќи го доаѓањето на Синот Божји на земјата. Родителите Јоаким и долго бездетната Ана на своето девојче му дале име Марија, што на еврејски значи Возвишена, **Возвеличана Госпоѓа**, како што им кажал гласникот Божји, Архангел Гаврил, чиешто име на еврејски значи - Бог им се покажа на моќните.

ВО ЧЕСТ НА ВЕРСКИОТ ПРАЗНИК МАЛА БОГОРОДИЦА, С. НОВАЦИ

(ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБИР)

20ТИ-21ВИ СЕПТЕМВРИ

Ѓурѓовденските средби почнуваат со дефиле на учесниците од паркот пред Домот на култура, низ населеното место до месноста Белев Рид каде што се одвива манифестацијата. Следува изведба на изворни песни, инструментални изведби на народни инструменти, сплетови на ора и народни обичаи карактеристични за средините од каде што доаѓаат гостите. На Ѓурѓовденските средби учествуваат од **три до четири културно-уметнички друштва** или фолклорни ансамбли од Република Македонија и од соседни држави. Граѓаните на општина Ново Село се облекуваат во **народни носии** и се придружуваат на манифестацијата. Преставници на манастирите „Свети Ѓорѓи" и „Свети Антониј" доделуваат крстови за здравје и за најдобра носија, по што следува служба во манастирот за претстојниот празник Ѓурѓовден.

Традационално, средбите се организираат спрот и празникот Ѓурѓовден и откако ќе одекне звукот на камбаната, околу 14 часот, граѓаните се качуваат до месноста **Белев Рид**, каде што се одвива манифестацијата. Средбите завршуваат со заеднички ручек за сите учесници.

Ѓурѓовденските средби се одржуваат од пред многу години, а ги почнале црковните одбори. Натаму, за нив 17 години бил задолжен Домот на култура „Јане Сандански", а од 2001 година организацијата е на општина Ново Село, под покровителство на градоначалникот на општината.

ЃУРЃОВДЕНСКИ СРЕДБИ

5ТИ МАЈ

НОВО СЕЛО
2008

Хроничарите забележале: под сводовите на катедралниот храм „Света Софија", на **4 август 1961 година**, се случил чинот на раѓањето на музичко-сценската манифестација „Охридско лето". Првенката на Операта при Македонскиот народен театар од Скопје - Ана Липша - Тофовиќ, во пијано-придружба на Ладислав Перлдик, извела арии од Страдела, Роси, Хендл, Моцарт, Бетовен и од Глук. Следната година потврда дека храмот на древната Охридска архиепископија може да биде и храм на уметноста дале Владимир Ружѓак (Хрватска), словенечкиот октет (Словенија), Мартина Арojo (САД) и повторно Ана Липша - Тофовиќ. Во годините на подем „Охридско лето" почнува да дејствува и како музичка академија. Присуството на големите мајстори на инструментот е искористено за организирање **стручни семинари** со цел искуството да се пренесе врз младата генерација. Низ рацете на потврдените мајстори Елефтерио Папаставро (виолончело), Жан Бланкард (пијано), Леонид Коган (виолина), Алдо Чиколини (пијано), Андре Навара (виолончело), Октав Енигареско и Џони Беки (соло-пејачи), Евгенија Чугаева (виолина), Икуко Ендо (пијано) и Арбо Валдма (пијано) поминаа генерации музичари, кои подоцна се потврдуваа и на светските музички сцени. Фестивалот претендираше да биде дел од големото семејство на светските музички манифестации. Од тој аспект, творците на Фестивалот секоја година во програмата внесуваа имиња што во светот даваат белег на изведувачката уметност. Во првите фестивалски години тоа беа Андре Навара (виолончело) и Леонид Коган (виолина). Во плејадата уметници што ја одбележаа првата деценија влегуваат: Свјатослав Рихтер, Алдо Чиколини, Андре Ватс и Григориј Соколов (пијано), Руџеро Ричи, Салваторе Акардо, Хенрик Шеринг (виолина), виолончелистот Мстислав Ростропович, Баховиот камерен оркестар, романските мадригалисти, словенечкиот вокален октет и други. Во годините на зрелост (1974 година) Фестивалот конечно ја определува и рамката на одржувањето. Тоа е периодот од 12ти јули до 20ти август. Во аналите е забележано дека на Фестивалот се изведени и **капитални музички дела од македонските автори** како што се „Златоустовата литургија" од Атанас Бадев, ораториумите „Сердарот" и „Клименту" од Властимир Николоски, операта „Цар Самуил" од Кирил Македонски, ораториумот „Илинден" од Михајло Николовски, ораториумот „Охрид" од Димитри Бужароски, балетот „Македонска повест" од Глигор Смокварски и други. Музичко-сценската манифестација донесе и низа имиња што се искачуваа на врвот на музичката уметност како што

ФЕСТИВАЛ „ОХРИДСКО ЛЕТО"

12ТИ ЈУЛИ — 20ТИ АВГУСТ

се пијанистите: Рудолф Керер, Марија Типо, Никита Магалов, Дан Таи Сон, Евгениј Корољов, Иво Погорелиќ, виолинистите Виктор Третјаков, Павел Коган, Гидон Кремер, Вацлав Худачек, Едуард Грач, виолончелистите Пјер Фурние, Даниел Шафран, Хајнир Шиф, Пол Тортеље, минхенскиот камерен оркестар, прашките мадригалисти, квартетот „Бородин", ансамблот „Виртуози ди Рома". Последниве години неизбришливи траги во историјата на оваа манифестација оставија Литванскиот камерен оркестар, солистите од Санкт Петербург, оркестарот „Музика вива", Квартетот „Вихан", триото „Цирих", „Знамени распев", Јоланда Хернандез, Паулос Раптис... Фестивалот, покрај музичката, ја негува и драмската програма. **Околу 300 драмски претстави**, адаптации и монодрами се одиграни на повеќе од15 сценски простори во Охрид од страна на околу 50 ансамбли. Шекспир е најграниот автор на „Охридско лето" (18 различни наслови од неговите капитални дела), потоа се домашните (македонски) автори Горан Стефаноски (со 8 различни наслови), Јордан Плевнеш... Најзначајните антички дела од Софолке, Еврипид, Аристофан, Платон, како и недостижните комедиографи Молиер и Голдони, па сè до современите татковци на театарот Брехт и Бекет, како и многу други дела од неизбежните имиња на театарската уметност оставиле свој белег врз фестивалот. Од 1995 година „Охридско лето" е **член на Европскиот сојуз на фестивали** (Association Europienne Des Festivals).

На Богојавление, главен настан е фрлање крст во вода. Во Охрид, крстот се фрла во водите на Охридско Езеро. Фрлањето на чесниот крст во водите претставува нешто што за охриѓани значи **радост, среќа и голема возбуда**. Старите охриѓани се сеќаваат: За време на Водици, во стара Југославија, рано наутро тајфите од трите охридски маала се упатувале кон чинарот, а оттаму кон пристаништето. Таму се наоѓал чун со чардак искитен со цвеќиња. На чело бил владиката, а во кајчињата биле тие што се фрлале по крстот. Подоцна, како што поминувало време, крстот се фрлал во голем казан во црквата „Свети Никола - Ѓеракомија". Еден од сведоците на тоа време, вака го опишува настанот: Во **седумдесеттите години на минатиот век**, во црквата „Св. Никола - Ѓеракомија", чесниот крст се фрлаше во голем сад наречен аранија. Кој ќе го фатеше крстот, заедно со неговата тајфа шеташе по улиците на Охрид и на секој верник му беше чест во својот дом да ги прими славениците. Откако ќе се испее песна, го бакнува крстот. Бидејќи беше забрането крстот да се фрла во езерото, постоеше одбор што ја организираше целата церемонија. Одборот го сочинуваа: Ѓорѓи Арнаудов – Дарката, кој тогаш имаше 74 години, Андон Бучков, Виктор Боев, Борис Боев, Мартин Климе, Славе Вангев и др. Во 1973 година двата члена на одборот - Дарката и Андон Бучков, сакајќи да го прослават празникот Водици, се искапија на градското пристаниште во Охрид. Така почна легализацијата на фрлањето на крстот во Охридско Езеро. Тоа се двајцата пионери најзаслужни за легализацијата на фрлањето на крстот во Охридско Езеро во поновото време. Подоцна, Љупчо Арнаудов и Митко Пендов ја покренаа иницијативата за формирање градски одбор, кој врз себе ќе ја преземе целокупната организација на манифестацијата. Одборот почна со работа во 2003 година, кога претседателот на одборот Љупчо Арнаудов беше и **првиот кум**. Обичај е среќникот што ќе го фати чесниот крст да се награди и да се почести. Врачувањето на резба со некој од нашите свети ликови и организирање вечера е обврска и на идните кумови.

ВОДИЦИ - БОГОЈАВЛЕНИЕ

18ТИ-19ТИ ЈАНУАРИ

Балканскиот фестивал на народни песни и игри е меѓународна фолклорна манифестација, која е основана 1962 година. Првобитното име на фестивалот е „Охридски фестивал на аматерските ансамбли на народни песни и ора". Свеченото отворање се одржало на 20 јули 1962 година на градскиот плоштад. Од 1967 година, Фестивалот добива концепција на него да учествуваат **вокално-инструментални состави и солисти**, кои ќе го презентираат автентичното народно творештво и традиционалната култура низ ората, игрите, песните, обредите, обичаите, народните носии, инструментите што се употребуваат во музиката и ракотворбите.

Повеќе од дваесет години „Балканскиот фестивал на народни песни и игри" е член на асоцијациите на **УНЕСЦО**: ЦИОФФ (Интернационален совет на организациите за фолклорни фестивали и фолклорна уметност) и ИОФА (Меѓународна организација за фолкорна уметност). Традиционално, Фестивалот се организира на почетокот на јули и на него учествуваат балканските и прибалканските земји. Во изминативе 36 години на Балканскиот фестивал се презентирани околу **40 илјади** пејачи, играорци и инструменталисти од Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Романија, Унгарија, Австрија, Италија, Турција, Кипар, како и од Франција, Шпанија, Холандија, Германија, Русија, Молдавија, Полска, Чешка, Словачка, Белгија, Шведска, Данска, Финска, Велика Британија, Австралија, САД, Канада, Малезија и други. Во рамките на Фестивалот се организираат и изложби, кои секогаш биле блиски на ориентацијата на Фестивалот. Изминатите години, Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје, во рамките на Фестивалот организираше и **Симпозиум за балканскиот фолклор**.

БАЛКАНСКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ПЕСНИ И ИГРИ

5ТИ-10ТИ ЈУЛИ

Денот на Флака традиционално се прославува со **поетска средба** на поети од Република Македонија и пошироко, давајќи должно сеќавање на големиот патриот, поет, новинар и публицист Јусуф Грвала. На овој ден се обележува историската меморија за смртта на најголемиот херој на Албанците, Кастриот Скендербег.

ФЛАКА
ТРАДИЦИОНАЛНА МАНИФЕСТАЦИЈА

17ТИ ЈАНУАРИ

Фестивалот Златни гулаби традиционално се одржува на **денот на детето** на плоштадот на Кичево. Сите деца имаат можност да го изразат својот талент преку песни, игри и рецитали пред **заинтересираните граѓани и родители**. Оваа манифестација е поддржана од сите општини од кичевскиот крај и е традиционална.

ФЕСТИВАЛ „ЗЛАТНИ ГУЛАБИ”

(МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕТЕТО)

1ВИ ЈУНИ

ДЕНОТ НА ПРВОТО УЧИЛИШТЕ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

20ТИ СЕПТЕМВРИ

Првото училиште на албански јазик во Република Македонија, наречено седмоодделенска е основано во село Србица, општина Осломеј. Првата седмоодделенска настава под името „Кастриот Скендербег" придонела во **описменување на албанскиот народ** во целиот регион и пошироко. Во неа се втемелени основите на образованието на населението од кичевскиот регион. Различните националности, збратимени во основното училиште „Ванчо Николоски" од Подвис, Кичевско, се меѓу **најголемите промотори** на елиминацијата на неписменоста на овие простори.

Од памтивек, општина Пехчево заедно со црковниот одбор од црквата „Светите апостоли Петар и Павле" ја организираат прославата по повод верскиот празник Водици. На 19 јануари, традиционално се фрла светиот крст во **водите на реката Писа.** Граѓаните на општината масовно излегуваат да го проследат овој настан и во текот на тој ден меѓусебно да се дружат.

ВОДИЦИ

19ТИ ЈАНУАРИ

ПЕТРОВДЕН И ПАВЛОВДЕН

12ТИ — 13ТИ ЈУЛИ

Најмалку 250 години општина Пехчево и црковниот одбор на црквата „Светите апостоли Петар и Павле" организираат прослава по повод празнувањето на верските празници Петровден и Павловден. Дводневното величање на овие апостоли се изразува преку организирана изложба на слики, настап на културно-уметничкото друштво „Јане Сандански", како и со настапи на **културно-уметничките друштва** од соседните општини.

Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" е конституиран **1965 година** на иницијатива на Здружението на драмските уметници од Република Македонија. Фестивалот го носи името на основоположникот на македонската драма - Војдан Чернодрински, драмски автор, актер и режисер. Традиционално, секоја година се одржува во градот Прилеп, во почетокот на јуни.

Првата претстава на овој реномиран фестивал се одржала на **4 јуни 1965 година**. На Фестивалот континуирано се презентираат најдобрите театарски/драмски остварувања од целокупната македонска театарска продукција, работени според дела од светската драматургија, а особено се афирмира македонското драмско творештво. Фестивалот има **натпреварувачки карактер** во официјалната програма. Фестивалот е од посебен државен интерес и е единствен од ваков вид. Уметнички директор на Фестивалот е Петар Темелковски, кој ја следи целокупната театарска продукција и предлага концепт за официјалната и придружна програма, како и за другите содржини на Фестивалот.

„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ"
(МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ)

ПОЧЕТОК НА ЈУНИ

Празникот Проштени поклади, кај нас наречен Прочка, е првиот предвесник на големиот христијански празник Велигден и го означува предвечерието на големите пости за пречек на датумот на Христовото раѓање.
Прочка секогаш е 7 **недели пред Велигден** и е последен ден пред велигденските пости.
Од прастари времиња тој се празнува кај нас со маскирање и со проштавање, како и со други празнични содржини.
Долго време обичајот, кој е црковен и народен, празник на малите, но и на големите – е празник на сите што сакаат на момент да „побегнат од сопствената кожа" и да бидат нешто друго, барем и на еден ден. Во прилепскиот атар (селата) Прочка се изведува како „бабари", „мечкари", „василичари" и во секое село е сè уште свежа е трагата на тие празнувања.
Дводневниот карневал се одржува со цел да се продолжат и зачуваат народните традиции и обичаи за одбележување на празникот Прочка.
Карневалот е со **натпреварувачки и ревијален карактер**, а учествуваат групи од повеќе градови од Македонија и од странство. Од 2006 година Меѓународниот карневал „Прочка" е член на ФЕЦЦ (Федерација на европските карневалски градови).

„ПРОЧКА"
(МЕЃУНАРОДЕН КАРНЕВАЛ)

ВЕРСКИОТ ПРАЗНИК ПРОШТЕНИ ПОКЛАДИ - ПРОЧКА

Центарот за современа ликовна уметност (ЦСЛУ) од Прилеп своето работење го почна во **далечната 1957 година** како Прилепска сликарска колонија. Творци на оваа Сликарска колонија, која прераснува во интернационална, се д-р Бошко Бабиќ (доктор по археологија) и Ристо Лозаноски (академски сликар). Во 1963 година се проширува дејноста на ЦСЛУ со Интернационалниот скулпторски симпозиум „МЕРМЕР", во 1971 година со Интернационалното студио за пластика во дрво, во 1984 година со **Интернационалното ателје** за скулптура во метал и во 2002 година со Интернационалното студио за пластика во пластика.

Денес, сите овие студија работат под заедничко име Ликовни работилници на ЦСЛУ, а се одржуваат во летниот период во рамките на Уметничкото лето на Центарот за современа ликовна уметност од Прилеп.

Во изминатите **52 години** ЦСЛУ го посетија многубројни познати имиња од земјава и од светот и на Центарот му подарија голем број уметнички дела. Многу од овие дела го красат Прилеп и институциите како од градот така и низ Македонија.

Просториите на ЦСЛУ се наоѓаат во Домот на културата „Марко Цепенков" во Прилеп. ЦСЛУ го раководи Диме Јанески.

ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СЛИКАРСКА КОЛОНИЈА

ЛЕТЕН ПЕРИОД

Вековна традиција во Пробиштип е младоженците, кои последната година склучиле брак в црква, да се капат во бистрата Злетовска Река. Во локалитетот Пешка, која се наоѓа во непосредна близина на Злетово, на 19ти јануари сите младоженци заедно со своите роднини и пријатели во раните утрински часови одат на Богојавленска литургија во црквата „Пресвета Богородица". По завршување на литургијата црковниот старешина во придружба на верниците се упатува кон локалитетот Пешка. Дечиња облечени во црковни наметки со ѕвончиња во рацете на чело на колоната го најавуваат пристигнувањето на капачите. По пристигнување во локалитетот Пешка почнува водосветот со кој водата ќе стане света и лековита. Старешината на црквата по осветувањето на водата го фрла металниот крст во реката во која мажите влегуваат да го пронајдат крстот. Тој што ќе го најде, се верува дека го следи среќа и здравје во текот на годината што претстои. Привилегијата да го бараат крстот во речната вода ја имаат исклучително младоженците, по што овој обичај се разликува и е единствен само во Злетово. На други места каде што се слави Водици по крстот скокаат сите, кои сакаат да ги следи здравје и среќа во годината што следи.

Среќниот младоженец што ќе го пронајде крстот добива подароци, а славењето го продолжуваат сите младоженци што се натпреварувале во тек на целиот ден. Се грее ракија, се пие вино и се јадат пивтии, пресна погача и се слави до доцните вечерни часови. На еднодневниот настан присуствуваат илјада граѓани од Злетово, Пробиштип и од околните места.

ВОДИЦИ
(КАЛЕЊЕ НА МЛАДОЖЕНЦИТЕ ВО ЗЛЕТОВСКА РЕКА)

19ТИ ЈАНУАРИ

Природните убавини на пробиштипско-злетовскиот крај, во кој е сместен грандиозниот манастир „Свети Гаврил Лесновски", како синоним на средновековието на овие простори и некогашен центар на словенската писменост, придонесоа да се роди идејата за отворање ликовна колонија, **во 1992 година**, при Домот на културата. Манастирот, просторот околу него, карпестото опкружување, пештерите и пештерските испосници се неисцрпна тема за уметниците. Сместени во преуредените конаци на манастирот, во автентичен амбиент, повеќе од една деценија многубројните учесници создаваат ликовни дела на местото каде што со векови опстојувало македонското битие. Со почетокот на монашкиот живот во манастирот, колонијата се пресели во градот, задржувајќи го името. Тоа не беше пречка во континуитет да добива на квалитет, да прерасне во меѓународна и преку создадените уметнички творби да ја презентира **автентичноста на културното наследство** во пробиштипско-злетовскиот крај.

Од 2008 година, десетдневната Лесновска ликовна колонија повторно си го зазема местото каде што припаѓаше, во Лесново. Старото училиште и зградата на месната заедница се реновирани и преадаптирани за прием и за престој на гости. Така, се создадоа идеални услови за престој на уметниците и за создавање нови дела, преку кои ги преточуваат своите пораки, желби и чувства на сликарското платно, инспирирани од уникатното богатство проткаено со автентичен дух. Секоја одржана колонија остава траен белег на еден миг, на едно живеење. Низ седумдесетина години уметниците со својот оригинален творечки пристап оставија дела што претставуваат **трајно културно наследство**. На тој начин Лесновската ликовна колонија го наоѓа свето вистинско место меѓу културните случувања, го оправдува своето постоење, а создадените уметнички дела пред секој посетител ја отвораат вечната потрага по волшебната обземеност, која ја носат со себе, затоа што се душата на авторите и пулсот на колонијата, кој искрено ќе пулсира уште долго време на овие простори.

Некогашниот „Најдобар пејач -работник", иницијатива на општинскиот синдикат **во 1973 година**, денес прерасна во национален фестивал на пејачи-аматери „ПРОФЕСТ". Во организација на Домот на културата „Злетовски рудар", општина Пробиштип и општинскиот синдикат еднодневната манифестација е можност **младите талентирани пејачи** да ги истакнат своите квалитети пред стручно и компетентно жири. Најуспешните аматери добиваат право да учествуваат на еден од македонските афирмирани фестивали. Во изминатите 30 години низ оваа манифестација продефилираа стотици пејачи-аматери. Фестивалот, за многумина македонски популарни изведувачи на македонска народна музика беше отскочна штица во музичката кариера. Меѓу нив се вбројуваат Војо Стојановски,, неговиот брат Билјан Стојановски, Јасмина Мукаетова, Марјан Коцев и многу други.

„ПРОФЕСТ"
(ФЕСТИВАЛ НА ПЕЈАЧИ-АМАТЕРИ)

ОКТОМВРИ

Ацо Караманов (роден 1927 година во Радовиш) и по својот творечки сензибилитет и по неговото значење како прв модерен македонски поет, е зачетник на **симболизмот во современата македонска поезија**, а е познат и по феноменот на својата возраст (на неполни 18 години во 1944 година загина во Народноослободителната борба во Македонија). Тој, несомнено, е значајна појава во современата македонска поезија.

„Карамановите поетски средби" (установени во 1967 година), денес прераснаа во симбол на модерното во младата македонска поезија. Едицијата „Караманов" ја пополни празнината во македонската литература за афирмација и претставување на новите имиња во македонската книжевност.

Со новото издание на **дводневните поетски средби**, манифестацијата доби балканска димензија за афирмација на младите европски таленти. Во таа смисла, едицијата „Караманов" прерасна во едиција на младата модерна поезија.

Другите компоненти на „Карамановите поетски средби" го доближуваат и научно го третираат феноменот на новите движења во македонската и во балканската книжевност. Манифестацијата е дополнета со музичко-поетски колажи и со **сценски игри** посветени на животот и на творештвото на овој великан од Радовиш. Советот на „Карамановите поетски средби", секоја година, ја доделува наградата „Караманов" за објавување необјавени поетски книги од современи македонски и европски автори до 35-годишна возраст.

Поетските средби во име на Ацо Караманов се дел од лицето на градот Радовиш, кое видно би било осакатено без оваа манифестација.

КАРАМАНОВИ ПОЕТСКИ СРЕДБИ

9ТИ И 10ТИ ОКТОМВРИ

„Актерот на Европа" - Преспа е **интернационален театарски фестивал** што се одржува на бреговите на Преспанско Езеро и на други локации низ Преспа. Фестивалот ја почна својата традиција по прогласувањето на Преспанско Езеро за меѓуграничен европски парк меѓу три држави Македонија, Албанија и Грција, во 2003 година. Еден од основачите на фестивалот е големото име на француската литература Жак Лакариер (Jacques Lacarriere). Претседател на Советот на фестивалот и идеен творец на концептот, мотото и визијата е Јордан Плевнеш, познат македонски писател, драматург, културен деец и амбасадор на Република Македонија.

„Езеро без граници" е мотото на фестивалот со што е ставен посебен акцент на тромеѓната местоположба на Преспанско Езеро. Фестивалот претставува **соработка меѓу трите соседни држави**, култури, традиции и религии, од кои секоја година доаѓаат гости да ја презентираат културата и традицијата преку театарската уметност.

Присуство остваруваат и театарски групи од други земји: Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Бугарија, Германија, Франција, Белгија, Русија и др. Овие земји не доаѓаат на брегот на Преспанско Езеро да се спојат или да се измешаат едни со други, туку напротив, за да се чуе гласот на секоја од нив поединечно. На тој начин на Преспа ѝ го влеваат **европскиот дух**. За најдобра актерска изведба и за најдобар актер фестивалот ја доделува наградата „Актерот на Европа"

„АКТЕРОТ НА ЕВРОПА"
(ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ)

6ТИ — 11ТИ ЈУЛИ

Јаболкото е најзастапена култура, а овоштарството најважна земјоделска гранка во македонска Преспа. Дури 70 проценти од вкупното македонско производство на јаболко или 70 до 80 илјади тони годишно се произведуваат во Преспа. Затоа и производството на јаболки е од исклучително значење за развојот на овој регион и за преспани, кои најголем дел од приходите ги остварува од јаболковите приноси. Во македонска Преспа јаболкото е издигнато на ниво на култ. Со јаболкото почнуваат и завршуваат **„сите" муабети во Преспа**.

„Преспански јаболкобер" го велича јаболкото и почнува на христијанскиот празник Крстовден - 27 септември. Ден кога, традиционално, преспани почнувале да го берат родот на јаболки. „Јаболкоберот" е повеќедневен фестивал, кој преку пригодна културна и спортска програма го привлекува вниманието на пошироката македонска јавност. Зад сцената на фестивалот се одвиваат научни трибини, консултации, обуки и состаноци, чијашто целна група се производителите на јаболко и откупувачите.

„Преспански јаболкобер" прерасна во **традиционална манифестација** од стопански, културен, забавен и од спортски карактер со која традиционално се одбележува откинувањето на првото јаболко и симболично почнува бербата на јаболкото во Преспа. Манифестацијата вклучува културно-уметничка програма со гостување на **фолклорни друштва од балканските земји**, ракометен и фудбалски мини-турнир во чест на јаболкото на кој гостуваат екипи од многу држави, изложба на механизација, јаболки и производи од јаболки, деловен минисаем. Во рамки на „Преспанскиот јаболкобер", почнувајќи од 2006 година, се доделува награда „Златно јаболко" на поединци заслужни за светска промоција на Преспа и на Македонија.

ПРЕСПАНСКИ ЈАБОЛКОБЕР

27МИ - 29ТИ СЕПТЕМВРИ

Село Пелинце, општина Старо Нагоричане, е центар на обележувањето на годишнина од Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ, познато и како втор македонски Илинден. На ова место, во 2004 година е изграден нов меморијален центар АСНОМ и оттогаш секоја година на 2ри август се одржува културна манифестација за обележување на **Денот на македонската државност**. Новиот центар вклучува копија на собата во манастирот каде што е одржано АСНОМ. Надворешните ѕидови на Музејот се декорирани со големи мозаици, кои претставуваат теми од македонската историја подредени по хронолошки ред. Програмскиот дел на прославата и убавините на местото Пелинце на овој ден привлекуваат огромен број посетители. Се организираат **изложби и настапи на познати естрадни уметници**. Државниот врв им оддава почит на паднатите борци во Народноослободителната борба.

На симболичниот датум, втори август, во манастирот „Свети Прохор Пчињски",сместен во најјужниот дел од српска територија, бил одржан еден од најзначајните историски настани за создавање на денешна модерна Македонија, идеја и творба за која македонскиот народ се борел со векови. Одлуките донесени на Првото заседание на АСНОМ прокламираат национална држава Македонија, држава на етнички Македонци и македонски јазик како официјален јазик на македонската држава. На граѓаните на Македонија, без разлика на етничката припадност, им се гарантирани сите граѓански права, меѓу кои и правото на користење на својот мајчин јазик и на практикување на својата вера. АСНОМ, на 2 август 1944 година, ја одреди Македонија како независна држава во рамки на тогашната југословенска федерација. Собранието издаде и Манифест, кој ја опишува позицијата на Македонија по НОБ. На Првото заседание на АСНОМ присуствувале и воени аташеа од Србија, САД и од Велика Британија, а со него претседавал Методија Андонов - Ченто.

Датумот на Првото заседание на АСНОМ - 2ри август, е намерно избран и има директна поврзаност со **антиотоманското Илинденско востание** од 2ри август 1903 година, кога е создадена краткотрајната Крушевска Република.

Денес Пелинце стана центар на националното збиднување и празнување на македонската државност по континуираното одбивање на српските црковни власти да дозволат посета и празнување на изворното место на АСНОМ, манастирот „Свети Прохор Пчињски", кој се наоѓа на српска територија, во близина на македонската граница и на селото Пелинце.

„ПРВО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ"
- МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР ПЕЛИНЦЕ

2ри АВГУСТ

Манифестацијата го обележува култот на соединувањето на **Сонцето бог со Големата божица-мајка**. Овој култ, веројатно, имал соларен карактер и се одржува на последниот ден од јули. Во раните утрински часови на 31 јули зраците на утринското сонце минуваат низ посебно направен маркер во вид на процеп, а во близина на највисоката точка на локалитетот Татиќ ев Камен. Тие минуваат покрај десниот раб на направениот престол и постепено осветлуваат само еден од престолите (вториот од лево). Маркерот е направен толку прецизно, така што димензиите на неговиот надворешен вертикален раб целосно се совпаѓаат со дијаметарот на сончевиот диск виден од вториот трон. Маркерот, кој, веројатно, е покриен на врвот со што создава ефект на силен сончев зрак, минува покрај источната платформа каде што се наоѓале учесниците во тој ритуал. Лицето што седело на вториот трон, веројатно, било водач или свештеник со високо место во заедницата и во церемонијата. Артефактите на Татиќев Камен би требало да бидат разбрани како показатели за постоење култ на унификација на Сонцето бог со Големата божица-мајка, одговорни за создавање и репродукција во природата.

Во обележувањето на оваа манифестација учествуваат претставници на **Друштвото на писателите на Македонија** и се организира мал концерт во изведба на уметник, кој музицира на флејта стара околу седум илјади години.

„КУЛТ НА СОЕДИНУВАЊЕ НА СОНЦЕТО БОГ СО ГОЛЕМАТА БОЖИЦА-МАЈКА"

31ВИ ЈУЛИ

Штипско културно лето е најстара манифестација, со **23-годишна традиција**, која во континуитет создава единство од културни разновидности, лепеза од збиднувања што будат пријатни чувства и задоволство.
Во своето единствено и препознатливо настапување пред граѓаните на Штип, секоја година Штипското културно лето презентира содржини од домашни уметници, афирмира докажани, но и млади таленти, гради блиска комуникација со далечни културни простори преку гостување на **уметници од цел свет**. На тој начин, едномесечното културното лето во Штип создава услови за зачувување на вредностите на нашиот духовен идентитет, едновремено нудејќи размена на македонските културните вредности со културните вредности на другите народи.

ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО

1ВИ- 31ВИ ЈУЛИ

Фестивалот на музика „Макфест" е манифестација со најдолга традиција во Република Македонија. Во своето **четиридневно музичко живеење**, секоја година, фестивалот изгради реноме на европска музичка манифестација. Повеќе од две децении се афирмира македонскиот јазик, музика и традиција и се продуцираа шестотини нови композиции. Голем дел од нив веќе се евергрини и антологиски хитови.

На Фестивалот продефилираа најпознатите музички имиња (композитори, аранжери и пејачи) од Македонија, поранешните југословенски простори, Европа и од светот. Како краен продукт и запис, досега се изработени стотици носачи на звук, кои сведочат за квалитетот и за популарноста на оваа манифестација по која, несомнено, градот е препознатлив.

„МАКФЕСТ"
(МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ)

ВТОРА НЕДЕЛА
НА ОКТОМВРИ

ПАСТРМАЈЛИЈАДА

ПРВА НЕДЕЛА
НА НОЕМВРИ

Денови на пастрмајлијата и на маслото – Пастрмајлијада е најмлада манифестација од овој вид. Низ **културно-забавни содржини** ја афирмира и пошироко популаризира пастрмајлијата како препознатлив белег на градот Штип. Покрај презентацијата на специфичниот рецепт и начин на подготовка на пастрмајлијата, се афирмираат и други **традиционални обичаи** поврзани со исхраната и забавата во овој крај.

Во чест на големите преродбеници, колекционери на народни песни и **основоположници на современата македонска поезија**, браќата Миладиновци, во Струга се одржува манифестацијата „Струшки вечери на поезијата". СВП е основана во 1961 година, оваа меѓународна манифестација е дом на светската поетска реч секоја година во втората половина од август. Таа претставува вистински празник за градот и за сите љубеници во поезијата.

Константин Миладинов се смета за зачетник на модерната македонска поезија и секоја година фестивалот официјално почнува со неговата незаборавна поема „Т'га за југ", напишана за време на неговиот студентски престој во Москва.

„Струшките вечери на поезијата" преку своето меѓународно поетско признание „Златен венец" **го афирмира поетскиот збор** и практиката на поетот. Наградата се доделува на светски познат жив поет за неговиот поетски опус или животно дело од областа на поезијата.

Од 1963 година се установи наградата „Браќа Миладиновци", за најдобра поетска книга издадена во Република Македонија меѓу два фестивала.

Во 2004 година „Струшките вечери на поезијата" и UNESCO ја установија наградата „Мостови на Струга" за најдобра дебитантска поетска книга од млад автор од целиот свет.

Меѓу другите настани, СВП вклучува и преведувачка работилница. Работилницата почнува една седмица пред Фестивалот и се фокусира на поезијата на еден значаен македонски автор или на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци". Резултатите од работилницата се претставуваат на вечер посветена на добитникот.

Меѓу најатрактивните поетски настани е читањето „Меридијани" на отворањето на фестивалот, и читањето „Мостови" на затворањето на фестивалот.

Секоја година фестивалот издава серија книги со цел да ја **промовира поезијата од странски автори** на македонската читачка публика, како и тематски антологии на современа македонска поезија во англиски превод, наменети за читателите во странство. Едицијата „Плејади" опфаќа седум познати поети од светот.

„Струшките вечери на поезијата" имаат установено и **Меѓународна поетска библиотека**. Таа содржи книги од сите учесници на Фестивалот. Меѓународната поетска архива на Фестивалот содржи и значајни материјали (книги, ракописи, фотографии, филмови, итн.) достапни на секој книжевен истражувач или љубеник во поезијата.

СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

ВТОРА ПОЛОВИНА НА АВГУСТ

Фестивалот на стилизирани народни песни и ора „Кенга Јехо" своето постоење го почна во **1992 година**. Фестивалот се одржува секоја година кон крајот на јули или на почетокот од август. Секоја година на фестивалот учествуваат културно-уметнички друштва од Македонија, Албанија, Косово, САД и од други земји од Европа, кои негуваат **стилизирани народни песни и ора**. Во постоењето на оваа манифестација продефилирале повеќе од 200 културно-уметнички друштва со повеќе од шест илјади аматери и професионални уметници од цел свет.

„КЕНГЕ ЈЕХО"
(ФЕСТИВАЛ НА СТИЛИЗИРАНИ НАРОДНИ ПЕСНИ И ОРА)

КРАЈ НА ЈУЛИ -
ПОЧЕТОК НА АВГУСТ

„Ревијата на народни носии" е културна манифестација, која **од 1971 година** традиционално се одржува во Струга, во првата половина од август. Оваа манифестација има за цел да го презентира фолклорното богатство на народната носија и **вез од традицијата** на сите етнички заедници што живеат на струшко поднебје. Дефилето на учесниците низ улиците и кејот на реката Црн Дрим претставува посебно доживување за гостите.

„РЕВИЈА НА НАРОДНИ НОСИИ"

ПРВА ПОЛОВИНА НА АВГУСТ

Струмичкиот карневал е вековна традиција на градот под Царевите Кули, единствена манифестација од таков вид во Република Македонија, посветена на армасаните (свршените девојки). Карневалот има корен во култ од паганското време и, всушност, го означува славењето на плодноста и прочистувањето од сенишните енергии на секојдневието. Традиционално, секоја година, се одржува во рамките на **тримерските денови**, односно на почетокот на големиот велигденски пост. На ова ни укажува и самото име карневал, од римското carne-месо и vali-збогум , односно збогум месо, кое ни асоцира на почеток на пост, а во овој случај тоа е велигденскиот пост.

Почетокот на постот, односно првите три дена се наречени тримерски денови и тие секогаш почнуваат од недела навечер на Прочка и траат до среда. За време на тримерието, ноќта на вторник е традиционалната карневалска вечер, кога **маскирани групи** врват низ градот и одат по куќите каде што има свршени, армасани девојки и таму остануваат до раните утрински часови. Поврзаноста на карневалот со тримерските денови е само временска т.е. тие временски се совпаѓаат, но не и суштински, бидејќи по својата суштина тримерите се христијански обичај, а карневалот е остаток од паганското време.

Првите пишувани извори за Струмичкиот карневал датираат **од 1670 година**, од турскиот па тописец Евлија Челебија. Тој минувајќи низ Струмица запишал: „Дојдов во еден град, расположен во полите на еден висок баир и видов како таа ноќ маскираните луѓе претрчуваа од куќа во куќа, низ смеа, писок и песна".

Карневалот во Струмица е еден од најзначајните обичаи и традиции од таков вид, кој отишол, можеби, најдалеку во својата трансформација од сите традиционални игри под маски, како по времето на одржување, така и по својата цел и функција. Денешната меморија не помни година кога карневалот не се одржал. Дури, од 1991 година, неговата организациска форма е институционализирана. Во 1994 година, Струмица стана член на **ФЕЦЦ (Федерација на европски карневалски градови)**. Во 1998 година Струмица беше домаќин на 18. меѓународен Конгрес на карневалски градови.

Свеченото отворање на карневалот се случува во сабота вечер со маскенбал на кој се избираат принц и принцеза, а во вторник е главната карневалска вечер. На карневалот покрај учесниците од земјава, учествуваат и групи од странство и се доделуваат поединечни и групни награди на слободни и изворни теми. Во рамките на карневалот од 2000 година се одржува Фестивалот за карикатура и афоризам, кој е од меѓународен карактер и се одржува во времето на тримерските празнувања.

СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ

НА ХРИСТИЈАНСКИОТ ПРАЗНИК ТРИМЕРИ, ДЕНОТ СЕКОГАШ Е ВТОРНИК, ПО ЧИСТ ПОНЕДЕЛНИК

Фестивалот на камерен театар се одржува од 1993 година во чест на великанот на македонското актерство, Ристо Шишков. **Од 2005 година** Фестивалот е со меѓународен карактер. Фестивалот почнува на 8 септември, а бројот на театарските претстави и времетраењето на фестивалот се менуваат секоја година. Фестивалската програма е составена од различни програмски единици поврзани во една тема: **Актерот и актерството**. Профилот на Фестивалот, исткаен од високите актерски достигнувања, го прави оригинален и по своето заглавие и по содржината. Затоа се посветува особено внимание на предложените програми и на нивната издржливост во контекст на **меѓународната димензија на фестивалот**. Програмата предизвикува еднаков учеснички аудиториум и од домашните и од странските гости, учесници на фестивалот. Претставите се селектирани сообразно на театарската публика, медиумите и јавниот интерес.

Под мотото „Театар на дијалог", на фестивалот се доделува единствена награда за високо актерско достигнување. Наградата е златен медаљон со ликот на Ристо Шишков и парична награда од 1.500 евра во денарска противвредност. Меѓу добитниците на наградата за високо актерско остварување „Ристо Шишков" се: Сенко Велинов, Игор Џамбазов, Диме Илиев, Зора Георгиева, Перихан Еј̈упи, Јоана Поповска, Владимир Илиевски, Елена Моше, Петар Темелковски, Митко С. Апостоловски, Ѕвезда Ангеловска, Соња Михајлова, Васил Зафирчев, Дејан Лилиќ и Ѓорги Јолевски.

„РИСТО ШИШКОВ"
(ФЕСТИВАЛ НА КАМЕРЕН ТЕАТАР)

8 СЕПТЕМВРИ

Фестивалот „Астерфест" почна да се одржува од 2005 година, а **од 2006 година** има натпреварувачки карактер. Во програмата „Астердокс" се доделуваат три награди за документарни филмови над 30 минути: златна, сребрена и бронзена потковица. Покрај овие награди се доделува и специјална награда „Златен стар проектор" и награда за високи достигнување во областа на филмот „Астер". На фестивалот учествуваат **професионални филмски автори,** кои живеат, творат или се родени во Југоисточна Европа. На фестивалот се прикажуваат краткометражни и долгометражни филмски содржини.

„АСТЕРФЕСТ"
(МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ И ВИДЕО-ФЕСТИВАЛ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА)

КРАЈ НА МАЈ - ПОЧЕТОК НА ЈУНИ

Струмичката ликовна колонија се организира **од 1964 година,** а пет години подоцна прераснува во меѓународна манифестација. Учествуваат 16 до 25 ликовни творци од земјата и од странство, меѓу кои сликари, мозаичари и скулптори. За време на колонијата, секој уметник е должен да создаде две дела без тематски ограничувања. Делата остануваат во сопственост на Уметничката галерија од Струмица, чијашто ликовна збирка брои повеќе од две илјади и петстотини вредни експонати. На манифестацијата речиси две децении работи и студиото за мозаик, под раководство на нашиот уметник и мозаичар Газанфер Бајрам.

Делата од Струмичката ликовна колонија премиерно се изложуваат на 11 септември, на **изложбата по повод ослободувањето на Струмица**, а потоа во Скопје и во повеќе други градови во Република Македонија и во странство.

МЕЃУНАРОДНА СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

1ВИ - 20ТИ АВГУСТ

ФЕСТИВАЛ НА АМАТЕРСКИТЕ ТЕАТРИ

Risto Шишков

СТРУМИЦА

Меѓународниот фестивал на изворен фолклор „Тодорица" е поврзан со верскиот празник Тодорова сабота, а населението од Свети Николе го слави како народен собор „Тодорица". Постоењето на богатите фолклорни содржини за време на овој празник довеле до логично продолжение на традицијата. Овој фестивал има богата историја, а градот е **центар на изворниот фолклор**, вклучувајќи ги различните етноси на македонска почва и пошироко. Фестивалот е еден од ретките можности каде што можат да се видат и препознаат **автентичноста на народните носии**, а преку нив и различноста на културите и на традициите на учесниците.

На фестивалот учествуваат од 14 до 16 фолклорни ансамбли и друштва од Република Македонија и од странство, со тенденција за зголемување на бројот на квалитетни ансамбли од странство. За времетраење од три дена се претставува и изложбата „Тодорица низ фотографии". Изложбата содржи **повеќе од 200 фотографии** инспирирани од одржувањето на „Тодорица". Фестивалот е збогатен и со традиционалниот тридневен Тодорички панаѓур посетен од гости од Република Македонија и од соседните земји. Панаѓурот е во функција на културниот туризам во општина Свети Николе и придонесува за поголемо присуство на посетители на овие празнувања.

„ТОДОРИЦА"
(МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА ИЗВОРЕН ФОЛКЛОР)

ФЕВРУАРИ/МАРТ —
ТОДОРОВА САБОТА

Ѓуришката колонија почна да се одржува **од 1999 година** како регионална манифестација. Учеството на сликари од странство во 2002 година придонесе за нејзината меѓународна димензија. Ликовната колонија се одржува во летниот период кон крајот на јули или почетокот на август, во траење од седум дена. На колонијата учествуваат **десетина ликовни уметници**, кои за времетраењето на колонијата се должни да насликаат две до три слики, кои ќе останат во сопственост на организаторот. Делата се работени претежно во маслена техника на платно, со постепена ориентација кон современите ликовни тенденции.

Верувањата и народните преданија говорат дека обичајот поврзан со Говедаров Камен се слави од оддамна, уште од времето на Самуиловото Царство. Народната традиција да се верува во моќта на одредени појави, објекти, води, зазема значајно место во живеењето на светиниколци. Корените се наоѓаат во најстарите времиња на човековото постоење и се врзани за човековата желба да објасни и победи одредени појави и сили за кои сметал дека се натприродни. Верувањето во моќта на одреден камен е честа појава кај народите, забележано уште кај старите Асирци, Евреи, Египќани, Грци, Римјани. Во мноштвата верувања, со својата оригиналност и димензиите што ги има се издвојува каменот во Овчеполието познат како Говедаров Камен.

„Говедаров Камен се наоѓа во срцето на Овчеполието, на тромеѓето од атарите на селата Ерџелија, Пеширово и Амзабегово, седум километри оддалечено од Свети Николе. За време на ѓурѓовденските празници, од земјава и од странство овде се доаѓа за да се решат животни проблеми. Се доаѓа за **здравје, успех во животот, а најчести посетители се жени-неротки**. Тие доаѓаат уверени дека каменот има моќ да ги оплоди нивните јалови утроби и да зачнат нов живот. Во светската митологија не е познат случај камен да се врзува за женската плодност.

Каменот во митологијата се јавува како симбол на човековата моќ, издржливост, отпор кон времињата, но не и како симбол на женската плодност. Можеби, верувањето во моќта на Говедаров Камен се темели на водата што се наоѓа во една длабнатина од каменот. Таа е постојана, и лете и зиме и има релативно исто ниво. А, водата во сите светски митологии, без исклучок, се врзува со **новиот почеток, зачнувањето нов живот, раѓање**.

Денес, Говедаров Камен е вистински симбол за женската родност. Илјадници жени од сите страни на Македонија, Европа и од прекуокеанските земји доаѓаат на Говедаров Камен за да побараат лек за својата мака. Откако ќе добијат дете, повторно доаѓаат и принесуваат подароци во знак на благодарност.

Фолкфест „Валандово" е прв македонски музички фестивал на новосоздадена македонска песна. Првпат се одржа далечната **1985 година** и оттогаш традиционално, без прекин, во мај, Валандово е симбол народната музичка нота. Фолкфест го сочинуваат две полуфинални и една финална вечер, одржани на летната фестивалска сцена при Културниот дом „25 Мај". Секоја година на фестивалот се продуцираат 36 нови песни, нив ги слушаат околу **900 гледачи во живо**, преку директниот пренос на националниот и сателитски канал на Македонската телевизија. Досега, од фестивалот произлегле повеќе од илјада песни испеани од познати музички имиња на македонската естрада.

Фестивалот има **национално и меѓународно значење**. Тој го поттикнува создавањето на македонската песна, а на него настапуваат и пејачи од поранешните југословенски простори. Фолк-фест „Валандово" ги афирмира Валандово и Македонија, и придонесува за духовно обединување на Македонците, без разлика на кои меридијани во светот живеат.

Секоја година се доделуваат награди од кои најзначајни се: златна, сребрена и бронзена калинка. Од 1995 година Фолкфест „Валандово" е примен во **Меѓународната федерација на фестивали ФИДОФ**, со седиште во Лос Анџелес, САД.

ФОЛКФЕСТ „ВАЛАНДОВО"

22ри, 23ти И 24ти МАЈ

ЛИКОВНА КОЛОНИЈА — ВАЛАНДОВО

СЕПТЕМВРИ

Ликовната колонија е десетдневна манифестација од **меѓународен карактер**, на која учествуваат ликовни уметници од Македонија и од странство. Колонијата се одржува кај манастирот „Свети Ѓорги". Секоја година учествуваат **10-15 уметници** од кои произлегуваат **30 нови дела**. Уметничките творби од ликовната колонија се претставуваат во земјата и во странство, а во Валандово се презентираат на изложба по повод Денот на ослободување на Валандово, 6 Ноември.

„Хид-Бах-Шен фест" или пролетни веселби (Хидрелез) е **меѓународен фестивал на турски јазик** преку кој се промовира турската култура и традиција. Фестивалот се одржува во с. Чалакли, со население претежно од турска припадност. Манифестацијата е сместена во време на празникот Ѓурѓовден и ги прославува пролетните празници. **Во три до пет дена**, фестивалот ги реализира повеќето програмски содржини: фолклор, настапи на културно-уметнички друштва од Македонија и од Турција, изложба на ракотворби и на фотографии, концерти, симпозиуми, театарски претстави, традиционалното пеливанско борење и фудбалски турнир. Тенденција е дел од фестивалските активности да се одржуваат во други градови во кои има население со турска националност (Гостивар, Дебар и други).

„ХИД-БАХ-ШЕН ФЕСТ"
(ПРОЛЕТНИ ВЕСЕЛБИ)

5, 6 И 7 МАЈ, ЃУРЃОВДЕН

Денот на празот се одржува во с. Градшорци, место **традиционално познато по празот** како култура што ја произведува секое домаќинство во ова населено место. Манифестацијата го промовира висококвалитетниот праз во општина Василево, посебно во населеното место Градашорци. Манифестацијата содржински се реализира преку неколку настани. Еден од нив е форумот, каде што претставници од производителите заедно со откупувачите, преработувачите, увозниците на семе, државните институции и претставници на земјоделските здруженија дебатираат околу зголемувањето и производството, квалитетот, заштитата и пласманот на празот.

Следува **културно-уметничка програма** со учество на повеќе културно-уметнички друштва од соседните општини, дегустација на традиционална, домашно подготвена храна од праз, која специјално за манифестацијата е мајсторија на домаќинките од општина Василево.

На крај следува трибина на тема: Празот како лек, на која **познати нутрициионисти** го претставуваат празот од друг аспект, нагласувајќи ги лековитите својства и вредности како здрав и корисен дел од секојдневната исхрана.

ДЕН НА ПРАЗОТ

13ТИ НОЕМВРИ

АПРИЛИЈАДА

1ВИ АПРИЛ

Априлијадата се одржува на 1ви април, **Денот на шегата**. Учествуваат сите ученици од прво до осмо одделение од училиштето „Гоце Делчев", Василево. Подготовките траат повеќе денови и за нив се задолжени учениците, наставниците и родителите. Заеднички решаваат за темата со која ќе се претстават, начинот на кој ќе ја осмислат и изработат маската и крајната презентација и учество во дефилето. Манифестацијата има натпреварувачки карактер. Дефилето се одвива пред жири составено од наставник, родител-претставник од Советот на родителите и претставник од локалната самоуправа. Дефилето продолжува низ улиците на с. Василево. Манифестацијата се одржува **од 1998 година**.

Верскиот празник Ѓурѓовден е повод за организирање на коњаничките трки. Првпат се организирани **во 2008 година**, на иницијатива на граѓанин - ентузијаст и голем љубител на коњите, со најава дека ќе прерастат во традиција. Активностите почнуваат во утринските часови на **6 мај** (Ѓурѓовден). За учество во трката сопствениците на коњи однапред се пријавуваат. За најдобропласираните се обезбедени награди.

ЃУРЃОВДЕНСКИ КОЊАНИЧКИ ТРКИ

ЃУРЃОВДЕН

Интернационалниот фолклорен фестивал „Велес" се состои од **четири фестивалски вечер**. Пред многубројна публика во амфитеатарот во Младинскиот парк, на отворена сцена се презентира македонскиот фолклор, како и фолклорот од шест странски земји. Досега настапиле културно-уметничките друштва „Завичај" од Хрватска, „Космај" од Србија, фолклорниот ансамбл „Тиера колорадења" од Костарика, „Елте" од Унгарија, „Позањ" од Полска, македонските ансамбли „Мирче Ацев" - Скопје, „Срма" - Битола, „Кочо Рацин" од Кичево, „Везилка" од Прилеп, „Кутмичевица" од Вевчани и велешките ансамбли „Керамичар" и „Распеани велешани" и „Сехара" од Горно Оризари – Велешко. Фестивалот почнува со **традиционално дефиле низ улиците на Велес**. Учесниците на фестивалот својот раскошен фолклор го претставуваат во Младинскиот парк, населбата Тунел и с. Горно Оризари и во општините Свети Николе и Чашка.

„ВЕЛЕС"
(МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ)

26ТИ-30ТИ ЈУНИ

Основач на колонијата е Општина Велес, а се одржува во селото Папрадиште - родното место на **најголемите македонски зографи**, уметници и градители: Андреја Дамјанов, Димитар Андонов - Папрадишки, Ѓорги Зографски и многу други.
Учесниците на сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" се уметници од Велес и од други градови во Македонија, а гостуваат уметници од Србија, Бугарија и од Словенија. Меѓу копаничарите и сликарите на колонијата гостуваат и скулптори. Времето на одржување на колонијата се совпаѓа со празнувањето на селската слава Петровден, кога иселениците од Папрадишани во светот се враќаат во родното место.
Пред самото почнување на колонијата, уметниците од земјата и од странство имаат можност да ги погледаат бројните знаменитости на градот и да ја посетат родната куќа на најголемиот македонски поет, Кочо Рацин.
Делата создадени на сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" се претставуваат на јавноста преку изложба во организација на Општина Велес на **9 ноември**, Денот на општината.
Учесниците се сместени во Планинарски дом на ЕГ „Грин Пауер" од Велес.

„ПАПРАДИШКИ МАЈСТОРИ"

(СЛИКАРСКО-КОПАНИЧАРСКА КОЛОНИЈА)

9ТИ -18ТИ ЈУЛИ, ПРАЗНИЦИ

Манифестацијата се одржува во чест на најголемиот македонски поет Кочо Рацин и има **меѓународен карактер**. За него велат дека е „роден на ден кога, навистина, денот почнува да се зголемува, кога светлината надоаѓа, па не случајно и неговата најзначајна книга се вика 'Бели мугри'". Поезијата што ја создаде Рацин, опишуваат еминентни научници, произлегува од неговиот дух „натопен од неговата земја, а земјата македонска е натопена од неговиот дух". Рацин е издигнат за „национален поет од највисок ранг зашто во својата песна ја откри и резимира целата нова македонска поетска и историска епоха". Тој е автор без чијшто опус „македонската културна меморија би прилегала на празна страница".

Чествувањето во името, постоењето и творештвото на Рацин е во срцето на неговиот роден град Велес. **Тридневното обележување** е проткаено со изложби, положување цвеќе на спомениците на Рацин, меѓународен поетски митинг, музички концерти, симпозиуми, посета на Лопушник, местото на погибијата на Кочо Рацин. Неизбежен дел од манифестацијата е доделувањето на **Рациновото признание** и почесното Рациново признание за афирмација на македонскиот јазик и култура.

На третиот ден од манифестацијата се вклучуваат и општините Другово и Кичево.

На „Рациновите средби" им претходат априлскиот Мурал и мајските детски раце за Рацин.

РАЦИНОВИ СРЕДБИ

11ТИ -13ТИ ЈУНИ, ПРАЗНИЦИ

Меѓународниот фестивал на античка драма „СТОБИ - 2008" е една од **најзначајните културни манифестации** на општина Велес. Фестивалот, од 2001 година, се одржува во автентичниот амбиент на античкиот локалитет Стоби, каде што се афирмираат севкупните остварувања на театрите од Република Македонија и од Европа, особено актерските. Фестивалот е специфичен по програмската определба и е единствен во Република Македонија што ја негува античката драма. Бидејќи во светското културно наследство има само мал број оригинални антички драмски текстови, фестивалот е предизвик за театрите низ светот. Досега на сцената во театарот во Стоби настапувале театри од Украина, Руската Федерација, Холандија, Србија, Хрватска, Бугарија, Македонија и од многу други земји.

Секоја година **фестивалот привлекува многубројна публика** од вардарскиот регион и од Скопје поради уникатната можност да се проследи античка претстава во оригиналниот амбиент на античкиот театар на археолошкиот локалитет. Фестивалот се одржува кон крајот на јули и почетокот на август.

Сите драмски уметници што имале можност да бидат дел од Фестивалот ја нагласуваат **моќта на древната театарска сцена во Стоби** да ја предизвика креативноста и енергијата и да создаде мост меѓу античкиот и модерниот театар.

„СТОБИ"
(МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА АНТИЧКА ДРАМА)

КРАЈ НА ЈУЛИ - ПОЧЕТОК НА АВГУСТ

Вевчанскиот карневал, стар повеќе од 1.400 години, е интересен спој меѓу паганското и современото. Се одржува на 13ти и на 14ти јануари (во пресрет на првиот ден од новата година, според стариот календар). Главни карактеристики на карневалот се: архаичноста, таинственоста и импровизацијата. По своите специфични особини се разликува од сите други карневали во светот. Место на карневалското случување е Вевчани, кое за време на неговото оддржување се претвора во **своевиден театар без граници** каде што секоја куќа, улица е сцена на која маскираните ги изведуваат своите игри како вистински актери.

Постојат три традиционални маски: зет и невеста, Глупавиот Август и музичари. Другите маски, во суштина, се помали или поголеми карневалски групи, кои со костимите, гестовите и движењата, обично, ги исмеваат и жигосуваат појавите и личностите од општествениот живот.

Особено е карактеристична улогата на Глупавиот Август. Оваа маска, обично, ја носат млади луѓе, полни со енергија, а кои со публиката комуницираат преку невообичаени движења и гестови, но и карактеристичен врисок.

За времетраењето на карневалот, маскираните ја имаат сета слобода и „занес" во „поставувањето на светот наопаку", слобода во која до израз доаѓа креативноста на духот, смислата за импровизација, критика и иронизирање. Службено, во карневалот не учествуваат жени. Тие, сепак, се маскираат, но на крајот не ги симнуваат маските како другите.

Во 1993 година Вевчанскиот карневал, односно Вевчани станува член на **ФЦЦ** - асоцијација на светските карневалски градови во која Вевчани, на големо негодување на Грција, ја внесе Република Македонија под своето уставно име. Веднаш потоа се оживотворува иницијативата на Вевчани за национална карневалска асоцијација во која влегуваат и Струмица, Прилеп и други места каде што се настојува да се оживее карневалската традиција.

Вевчанскиот карневал, преку своите претставници и карневалски групи се претставува и на други места во светот, како што карневалски групи од други земји доаѓаат во Вевчани.

Карневалот во Вевчани беше повод во 1996 година, на местото на настанот да се одржи семинарот на тема **„Обичаи под маски"**, со учество на домашни етнолози и на етнолози од повеќе европски земји, кои од карневалот ги издвоија основните карактеристики: традиционалните маски, појавата на ликови од општествениот живот, но и елементите што го сочинуваат првобитниот слој на обичајот. Се разбира, тие дадоа свое видување и за **новините вклучени во традиционалниот обичај**.

На вевчанскиот карневал, своевиден „Театар без ѕидишта", не му се случило да ја одложи претставата. Тој од година в година сè повеќе предизвикува интерес на јавноста во земјата и во светот.

За времетраење на карневалот, вевчанци од целиот свет се прибираат дома за да учествуваат во единствената „претстава" обилно залеана со црвено вино, во која има место за секој добронамерник со карневалски дух.

ВЕВЧАНСКИ КАРНЕВАЛ

13ти-14ти ЈАНУАРИ

Еден од културните настани од големо значење за Општина Виница е Меѓународниот фолклорен фестивал на традиционални народни ора, „Истибањско здраво живо".

Во 1975 година, на иницијатива на група ентузијасти, љубители на фолклорот, се основа фолклорното друштво „Китка", а со постојано зголемување на бројот на членови се оформува и фестивалот „Истибањско здраво живо". Фестивалот бележи големи успеси во земјата и во странство. Има освоено многубројни меѓународни и домашни награди и признанија меѓу кои гран-при на државен фестивал во Долнени и „Златна рипка" во Романија.

На фестивалот се претставуваат различни националности , култури , религии , традиции, а пред сè, строго автентични и оригинални носии, како најимпресивно обележје на секоја група.

На овој настан годишно учествуваат околу **600 лица (до 18 години)** меѓу кои се членовите од „Китка Истибања" и од други фолклорни ансамбли од земјата и од странство (Полска, Украина, Молдавија, Грузија, Израел, Венецуела, Грција, Бугарија, Романија). Целта на седумдневниот фестивал е на едно место да се види и доживее **дел од културното наследство** на повеќе народи.

Фестивалот е член на меѓународните фолклорни организации ИОВ и ЦИОФФ и се организира по нивни критериуми, од страна на ансамблот „Китка" од Истибања, под покровителство на Општина Виница.

„ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО"
(МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ)

ВТОРАТА ПОЛОВИНА ОД СЕПТЕМВРИ

Меѓународната кичевска ликовна колонија се одржува на локација на која е изградена нова **„Куќа на уметноста"**, во близина на кичевското село Кнежино. Во неа се собираат и создаваат ликовни уметници од Македонија и од странство. Првите две години колонијата се одржуваше во манастирот „Света Богородица Пречиста", третата се префрли во црквата „Свети Ѓорѓија" во Кнежино, а од 2003 година уметниците работат во „Куќата на уметноста". Таа нуди можност за престој и за работа на уметници од странство, за организирање групни и самостојни изложби. Се планира целиот простор околу „Куќата на уметноста" да прерасне во **„уметничко село"**, што би претставувало прв пример да се посвети толкаво големо внимание на една ликовна колонија, да се понуди можност на уметноста во едно мало место да излезе од анонимност.

Со својата годишна продукција, дванаесетдневната колонија се претставува во главниот град Скопје, а во својот календар, како можни дестинации за изложување на творештвото на своите учесници, сликари и скулптори ги има забележано и Струга, Охрид, Ќустендил и Битола. Во „Куќата на уметноста" е сместен фонд на дела во сопственост на колонијата, а се организираат и повремени постановки. Дел од фондот оди на повремени продажни изложби, со што се обезбедуваат средства за работа.

„ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ЛИКОВНА КИЧЕВСКА КОЛОНИЈА"

5ТИ-19ТИ ЈУЛИ

На меѓународно ниво, Кичево се претставува како град во кој се негуваат фолклорот, обичаите и песната. Фестивалот **од 2004 година** го доби својот традиционален предзнак преку популаризацијата на Детскиот фолклорен фестивал, кој го носи името на градот-домаќин. Покрај прикажувањето на домашниот фолклор, учесниците на овој фестивал се запознаваат со типичното одлично гостопримство на домаќините - сите етнички заедници што живеат во Кичево. Мултиетничката средина и соживот се дел од димензиите што општина Кичево сака да ги прикаже и пренесе преку учесниците во светот. Гостите на фестивалот се запознаваат и со други **дејности карактеристични за општина Кичево**, во сферата на бизнисот, спортот, културата и на историските знаменитости во градот и во околината.

На фестивалот, покрај учесници од Македонија, со свои претставници учествувале културно-уметнички друштва од Полска, Бугарија, Србија, Албанија, Турција, Босна и Херцеговина, Хрватска.

Зголемениот број пријавени учесници од година в година значи дека овој фестивал веќе има остварено добар впечаток и има изградено **високо ниво на квалитет** и значење пред странските групи.

Фестивалот е централна манифестација во рамки на „Кичевското културно лето".

„КИЧЕВО"
(МЕЃУНАРОДЕН ДЕТСКИ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ)

14ТИ-16ТИ АВГУСТ

Крушевската Република е најзначајниот период во македонската историја. Во 1903 година таа траеше само 10 дена, но споменот за неа се негува во Македонија како симбол на националната борба за слобода и за демократија. Затоа, **од 1967 година**, за време на манифестацијата „10 Дена Крушевска Република" секоја година од 1 до 10 август се одржуваат културни манифестации. Богатиот македонски фолклор, традиционално, се презентира за време на овој фестивал. Секоја година на 2ри август се одржува голем народен собир на местото наречено Мечкин Камен, упориштето на последните востаници што ја бранеа Републиката, што претставува симбол на **македонскиот херојизам и одбрана**.

Крушевската Република е создадена за време на Илинденското востание. Востаничката власт во Крушево траела десет дена - од 3ти до 13ти август 1903 година, и е најголемиот успех што македонските востаници го постигнале за време на Востанието.

Крушево било ослободено со координиран напад врз касарната, поштата, општината и други објекти и во него влегол Штабот на крушевските востаници, кој воспоставил воена власт и свикал Совет на Републиката од 60 членови, по 20 од секоја верска деноминација во Крушево (македонска, грчка и романска). Тој ја избрал привремената влада во состав: Дину Вангели, Георги Чаче, Теохар Нешков, Христо Ќурчиев, Димитар Секулов и Никола Бачу. Фактички, водач на востаничката власт во Крушево бил Никола Карев.

Најпознат документ издаден за време на Крушевската Република е **Крушевскиот манифест**. Документот е напишан на крушевски дијалект, на 6ти август, а за негов автор се смета Никола Киров Мајски. Преведен е на турски јазик е испратен во 17 примероци до околните села со чисто или мешовито муслиманско население. Во него околното муслиманско население братски се повикува да ја поддржи и да ја помогне светата борба на сите обесправени во Македонија. Манифестот наидува на добар прием од страна на муслиманското население, а кметот на селото Аладинци возвратил со порака во која изразува разбирање за мотивите на востаниците.

„10 ДЕНА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА"

1ви - 10ти АВГУСТ

„Етносаемот" зживеа **од 2003 година**, за време на обележувањето на „сто години од Илинденското востание". На овој настан учествуваа занаетчии и изработувачи на рачни ракотворби од градот Крушево, регионот и од територијата на цела држава, кои ги изложуваат своите производи. Етносаемот има продажен карактер, влезен е во програмата за одржување на манифестацијата „10 Дена Крушевска Република". Настанот се организира во просториите на **Домот на културата во Крушево** и е посетен од голем број домашни и странски туристи.

„ЕТНОСАЕМ"

1ВИ-10ТИ АВГУСТ

STOP

„ВО ПРЕСРЕТ НА НЕЗАВИСНОСТА"

5МИ-8МИ СЕПТЕМВРИ

Настанот „Во пресрет на независноста" го бележи својот почеток **во 2008 година**. Повод за одржување е 8МИ Септември, Денот на независноста на Република Македонија и Денот на ослободување на Крушево. Програмата за обележување на настанот опфаќа оддавање почит на борците од Народноослободителната борба и од Илинден, одржување Свечена седница на Советот на Општина Крушево на која се доделува Осмосептемвриска **награда на заслужни граѓани и институции**, одржување театарски претстави (досега се одржаа две - „Принцот жаба" и „Гола до пола" во изведба на театарот Крик од Скопје), ликовни изложби, изложби на уметнички слики и спортски натпревари.

Од петти до седми септември во градот на грозјето и на виното, Кавадарци, се одржува т**радиционалната стопанско-културна манифестација „Тиквешки гроздобер"**. Првиот ден во музејот на општина Кавадарци се отвора изложба на одредена тема. Официјалното почнување на винскиот фестивал почнува со гроздоберска етновечер на градскиот плоштад. Гостите на „Тиквешки гроздобер" ги посетуваат локалните винарници, а се запознаваат и со винската култура. И најмладите се дел од оваа манифестација, најнапред со **детскиот карневал**, а потоа и со ликовната изложба на тема „Грозје и вино". Третиот ден е резервиран за „Гроздоберскиот маскенбал" и за „Вечер на серенади". За лозарите карневалот е начин да покажат дека со години немаат среќа за предадениот род. Основните и средните училишта од градот настапуваат со своја карневалска постановка со традиционална содржина на **симболизирање на боговите на виното и на лозјето** и традициите во производство на вино порано и сега. Неизбежна се традициите на „Тиквешка свадба" со истакнување на моменти кога се пие вино, обработка на песната „Билјана платно белеше", постановка со менади како придружнички на боговите на виното и обележје на забавите со вино. Карневалското дефилирање се одвива во централното градско подрачје.

Општина Кавадарци како карневалски град и членка на **ФЕЕК** го негува етнокарневалот со традиција за претставување на лозарството и на винарството во регионот и во Република Македонија. Карневалот има меѓународен карактер, со учество на гости од Врњачка Бања - Република Србија, Будва – Р. Црна Гора, Нови Винодолски – Р. Хрватска, Птуј, Мозирје и Шоштањ – Р. Словенија, Бања Лука - Босна и Херцеговина, Перник – Р. Бугарија, како и на гости од Република Македонија од вевчанскиот, прилепскиот и од струмичкиот карневал. Винскиот фестивал, како дел од „Гроздоберот" е штандовско презентирање на винарниците и на другите вршители на дејности од мало стопанство од Кавадарци и од регионот.

„ГРОЗДОБЕР"

5ТИ - 7МИ СЕПТЕМВРИ

Манифестацијата е составена од повеќе настани во доменот на културата и на спортот. Од културните содржини, на Илинден, во Лозово се одржува **смотра на културно-уметнички друштва** од Македонија и од странство. Досега, на „Илинденските денови", покрај културно-уметничкото друштво „Кочо Рацин" од Лозово, настапувале и друштва од Србија, Бугарија, Хрватска и од Данска. На манифестацијата тие се претставуваат со песни, игри и со **обичаи од своите простори**.

Во рамки на „Илинденските денови" од 20ти јуни до 2ри август се одржува и традиционален **ноќен турнир во мал фудбал** во кој учествуваат околу 30 екипи од Лозово, околните населени места и од општините Свети Николе, Велес, Штип, Карбинци, Куманово.

„ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ НА СПОРТ И НА КУЛТУРА"

20ТИ ЈУЛИ - 2РИ АВГУСТ

„БОГОЈАВЛЕНИЕ ХРИСТОВО"

(ФРЛАЊЕ КРСТ ВО ВОДА)

Во сите населени места од општина Лозово на овој ден, по повод големиот христијански празник Богојавление Христово, се фрла крст во околните реки и водотеци. Среќниците што ќе го фатат крстот се наградуваат. Тогаш се свети водата и во неа поминуваат сите православни семејства.

„ПЕЛИВАНСКИ БОРБИ"

7МИ МАЈ

На седми мај граѓаните од муслиманска вероисповед од цела Македонија се собираат на општонародна веселба. Тогаш се организираат и **пеливанските борби**, кои се реткост не само во Македонија, туку и на Балканот. Во нив учествуваат пеливани и од Албанија, Бугарија и од Турција. Многу верници, кои веруваат во **исцелителната моќ**, се собираат во теќето Јусуф.

СОДРЖИНА

Импресум

Вовед

Општина Аеродром

Мичуринска средба 5

Коњички марш 6

Општина Берово

Ден на малешевскиот компир 7

Малешевијата на дланка 8

Бамбурци 9

Традиционална велигденска манифестација 10

Општина Битола

Мал битолски монмартр 11

Битфест 12

Филмска камера Браќа Манаки 13

Други настани 14

Општина Богданци

Богдански средби 17

Маскарада 18

Првомајски трки во Стојаково 19

Општина Чаир

Гласот на Чаршијата 20

Културна манифестација на Чаршијата 21

Општина Чашка

Ликовна колонија 22

Саем на здрава храна 23

Општина Чучер Сандево

Станкови денови 24

Општина Делчево

Голачки фолклорни средби 25

Пијанечко-малешевска свадба 26

Општина Дојран

Културна манифестација „Дојрански ракувања" 27

Општина Долнени

Фестивал „Пеце Атанасовски" 28
„Ибче-фест", с.Лажани 29
„Пеливанско борење", с.Дебреште 30

Општина Гази Баба

Виниче 31
Раштак 32

Општина Гевгелија

Смоквијада 35
Калинка 36
Гитаријада 37

Општина Гостивар

Ден на конституирање на Советот на општината 38

Општина Ѓорче Петров

Детска ликовна колонија 40
Денот на крстот 41
Фолкфест „Валандово"-реприза 42

Град Скопје

Вино-скоп 43
Баскерфест 44
Бела ноќ 45
Скопско лето 46
Млад отворен театар 49
Други настани 50

Општина Градско

Во срцето на Македонија 51

Општина Јегуновце

Мостови 52

Општина Кисела Вода

Три круши 53

Општина Кочани

Денови на кочанскиот ориз 54
ДАФ-Драмски аматерски фестивал 57
Ликовна колонија 58

Општина Кратово

Свети Ѓорѓи Кратовски 59
„Лазар Софијанов" 60

Општина Кривогаштани

Денови на македонската народна носија 61

Општина Куманово

„Куманово" 62
Тамбурашки оркестри 63
Денови на комедијата - Куманово 64

Општина Македонски Брод

Носење на велигденските кули 67
Водици во Пореч е 68

Општина Маврово-Ростуше

Ден на традиционалната реканска пита 69
Галичка свадба 70

Општина Могила

Добрушевска ревија на пејачи-аматери 71
Иселенички средби 72
Велигденска забава-Могила 73

Општина Неготино

Недела на виното 74
Традиционален неготински панаѓур 75

Општина Новаци
Годишнина од загинувањето на Ѓорѓи Сугарев, с.Паралово 76
Пелагониски културно-научни средби 77
Во чест на верскиот празник Мала Богородица 78

Општина Ново Село
Ѓурѓовденски средби 79

Општина Охрид
Фестивал „Охридско лето" 82
Водици-Богојавление 84
Балкански фестивал на народни песни и игри 85

Општина Осломеј
Флака 86
Фестивал „Златни гулаби" 87
Денот на првото училиште на албански јазик во Република Македонија 88

Општина Пехчево
Водици 89
Петровден и Павловден 90

Општина Прилеп
Војдан Чернодрински 91
Прочка 92
Интернационална сликарска колонија 93

Општина Пробиштип
Водици 94
Лесновска сликарска колонија 95
Профест 96

Општина Радовиш
Караманови поетски средби 97

Општина Ресен
Актерот на Европа 98
Преспански јаболкобер 99

Општина Старо Нагоричане
Прво заседание на АСНОМ 102
Култ на соединеување на сонцето Бог со големата божица-мајка 103

Општина Штип
Штипско културно лето 104
Макест 105
Пастрмајлијада 106

Општина Струга
Струшки вечери на поезијата 107
Кенге Јехо 108
Ревија на народни носии 109

Општина Струмица
Струмички карневал 110
Ристо Шишков 111
Астерфест 112
Меѓународна струмичка ликовна колонија 113

Општина Свети Николе
Тодорица 116
Ѓуриште 117
Говедаров камен 118

Општина Валандово
Фолк фест Валандово 119
Ликовна колонија - Валандово 120
Хид-Бах-Шен фест 121

Општина Василево
Ден на празот 122
Априлијада 123
Ѓурѓовденски коњанички трки 124
Општина Велес
Велес 127
Папрадишки мајстори 128
Рацинови средби 129
Стоби 130
Општина Вевчани
Вевчански карневал 131
Општина Виница
Истибањско здраво живо 132
Општина Кичево
Интернационална кичевска колонија 133
Кичево 134
Општина Крушево
Десет дена Крушевска Република 135
Етносаем 136
Во пресрет на независноста 139
Општина Кавадарци
Гроздобер 140
Општина Лозово
Илинденски денови на спорт и на култура 141
Богојавление христово 142
Пеливански борби 143

ЦИП - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

394.48 : 352 (497.7) (036)

КАТАЛОГ на културни манифестации на ЕЛС / [подготвила: Ивана Серафимова] - Скопје; Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС, 2009. - 150 стр. ; илустр. ; 22 см.

ISBN 978-9989-186-40-0
а) Јавни манифестации - Општини - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 80217098